УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ
ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ

# ИЗВЕШТАЈ
# ЗА САМОЕВАЛУАЦИЈА НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ

Скопје, јуни 2021

СОДРЖИНА


I. ЦЕЛ И ЗНАЧЕЊЕ НА ПРОЦЕСОТ НА САМОЕВАЛУАЦИЈА ....................................3

II. НАЧИН НА РЕАЛИЗИРАЊЕ НА САМОЕВАЛУАЦИЈАТА ................................3

III. СЕГМЕНТИ НА САМОЕВАЛУАЦИЈАТА

1. ОПИС НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ ......................................................9

2. МИСИЈА НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ И СТРАТЕГИЈА ЗА НЕЈЗИНО ОСТВАРУВАЊЕ ..........................................................................................18

3. СТУДИСКИТЕ И ПРЕДМЕТНИТЕ ПРОГРАМИ ............................................20

4. НАСТАВНО-НАУЧЕН И СОРАБОТНИЧКИ КАДАР .....................................28

5. СПЕЦИФИКИ НА РЕАЛИЗИРАЊЕТО НА НАСТАВАТА ВО УСЛОВИ НА ПАНДЕМИЈА ...............................................................................................46

6. СТУДЕНТИ ......................................................................................................65

7. ПРОСТОРНИ И МАТЕРИЈАЛНО-ТЕХНИЧКИ РЕСУРСИ И ЛОГИСТИКА ..................................................................................................84

8. НАДВОРЕШНА СОРАБОТКА ..........................................................................88

9. МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА .........................................................................89

10. НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ ...........................................................98

11. ИЗДАВАЧКА ДЕЈНОСТ ................................................................................118

12. ФИНАНСИРАЊЕ ............................................................................................119

IV. ОЦЕНКА НА СОСТОЈБАТА: АНАЛИЗА НА СИЛНИТЕ И СЛАБИТЕ СТРАНИ НА ФУНКЦИОНИРАЊЕТО НА ИНСТИТУЦИЈАТА (SWOT АНАЛИЗА) ...........................................................................................................128

V. ПРЕПОРАКИ ЗА НАДМИНУВАЊЕ НА ПОСТОЈНИТЕ СЛАБОСТИ ...................134

VI. ПРИЛОЗИ ..............................................................................................................137

# I. ЦЕЛ И ЗНАЧЕЊЕ НА ПРОЦЕСОТ НА САМОЕВАЛУАЦИЈА

Како високообразовна институција со стогодишна историја и со клучно значење во развивањето на автентичната традиција на општествено-хуманистичка мисла во нашата држава, Филозофскиот факултет како своја стратешка цел ги има поставено достигнувањето и одржувањето на врвните стандарди во наставно-образовната и во научноистражувачката дејност. Посветеноста кон реализирањето на таа цел, која би го овозможила натамошното унапредување на неговото институционално реноме, на препознатливоста и на влијателноста во домашната и во меѓународната академска заедница, подразбира постојано и внимателно следење на тенденциите на неговиот развој. Ова се однесува како на позитивните аспекти на неговото функционирање, така и на слабостите што треба да се воочат и да се надминат заради постигнување на поквалитетни резултати во сите сегменти од дејноста на Факултетот. Оттаму, процесот на самоевалуација е една од клучните алатки во остварувањето на таа цел, не само како општа законска обврска на институцијата, која произлегува од нормативно-правната регулатива во сферата на високото образование, туку и како колективен напор на сите нејзини членови насочен кон постојано подобрување на начинот, можностите и условите на академската работа и на резултатите од неа.

Во таа смисла, овој Извештај има за цел:

- сумарно да ја претстави проценката на постојниот квалитет на извршувањето на високообразовната и научноистражувачката дејност, како и на други аспекти од функционирањето на Филозофскиот факултет за последните пет години (2016/17 – 2020/21);
- да ги анализира предностите и слабостите на Факултетот во клучните сегменти на неговата високообразовна и научноистражувачка дејност и да предложи насоки и мерки за надминување на воочените слабости, како и за натамошно унапредување на позитивните аспекти;
- да обезбеди податоци што ќе послужат за вршење на самоевалуацијата која ја спроведува Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

# II. НАЧИН НА РЕАЛИЗИРАЊЕ НА САМОЕВАЛУАЦИЈАТА

## 1. Состав на Комисијата и на поткомисиите за самоевалуација

Врз основа на член 55 и член 110 од Законот за високо образование („Службен весник на РМ“ бр.82/2018) и член 354 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет, на својата V вонредна седница, одржана на 15. X 2020 година, донесе Одлука за избор на Комисија за самоевалуација на Филозофскиот факултет и поткомисии за самоевалуација на студиски програми:

**Членови на Комисијата за самоевалуација на Факултетот**

1. Проф. д-р Ана Димишковска
2. Проф. д-р Орхидеја Шурбановска
3. Проф. д-р Наташа Чичевска Јованова
4. Проф. д-р Елена Ризова

5. Проф. д-р Владимир Илиевски
6. Димитар Коруноски, студент
7. Елеонора Новеска, студент

**Членови на поткомисиите за самоевалуација на студиските програми**

**Филозофија и Родови студии**
1. Проф. д-р Дејан Донев
2. Проф. д-р Вангел Ноневски
3. Проф. д-р Ристо Солунчев
4. Фросина Ѓоревска студент
5. Олег Ѓоргиев, студент

**Педагогија**
1. Проф. д-р Борче Костов
2. Симона Јанакиеска, студент
3. Јована Камбуровска, студент

**Историја**
1. Проф. д-р Александар Атанасовски
2. Проф. д-р Никола Минов
3. Проф. д-р Стефан Пановски
4. Кирил Митановски, студент
5. Душан Богичевиќ, студент

**Историја на уметноста и археологија**
1. Проф. д-р Марјан Јованов
2. Проф. д-р Виктор Лилчиќ Адамс
3. Доц. д-р Ирена Теодора Весевска
4. Кирил Ангеловски, студент
5. Жаринета Гелевска, студент

**Класични студии**
1. Проф. д-р Валериј Софрониевски
2. Проф. д-р Ратко Дуев
3. Проф. д-р Весна Томовска
4. Ања Кузмановска, студент
5. Слободан Танасковски, студент

**Психологија**
1. Проф. д-р Елена Ачковска Лешковска
2. Проф. д-р Огнен Спасовски
3. Проф. д-р Билјана Блажевска Стоилковска
4. Андреа Ивановска, студент
5. Ивона Минчева, студент

**Социологија**
1. Проф. д-р Весна Димитриевска
2. Проф. д-р Марија Дракуловска Чукалевска
3. Проф. д-р Антоанела Петковска

4. Кристина Пеева, студент
5. Сара Благоевска, студент

**Безбедност, одбрана и мир**
1. Проф. д-р Ванчо Кенков
2. Проф. д-р Тања Милошевска
3. Проф. д-р Рина Киркова Таневска
4. Самир Каришиќ, студент
5. Тијана Најдоска, студент

**Социјална работа и социјална политика**
1. Проф. д-р Сунчица Димитријоска
2. Проф. д-р Софија Георгиевска
3. Проф. д-р Иван Трајков
4. Славко Атанасовски, студент
5. Бојан Манески, студент

**Специјална едукација и рехабилитација**
1. Проф. д-р Александра Каровска Ристовска
2. Проф. д-р Оливера Рашиќ Цаневска
3. Проф. д-р Наташа Станојковска Трајковска
4. Теодора Костичевска, студент
5. Михаела Арсовска, студент

**Семејни студии**
1. Проф. д-р Македонка Радуловиќ
2. Проф. д-р Ирена Авировиќ Бундалеска
3. Доц. д-р Ангелка Кескинова
4. Амина Хасиќ, студент
5. Илина Јаковчевска, студент

Мандатот на членовите на Комисијата за самоевалуација на Филозофскиот факултет и на поткомисиите од редот на наставниците е за мандатен период од три години, а на студентите за мандатен период од една година, без право на повторен избор.

## 2. Конституирање и активности на Комисијата

По своето конституирање и избор на претседател, Комисијата презеде низа активности од својот делокруг на надлежности, утврдени со релевантните законски и подзаконски акти, според временскиот приоритет на нивното извршување во согласност со законските рокови. Таа го организираше и координираше процесот на самоевалуација преку поткомисиите на институтите, кој се спроведе од 12. 02. 2021 до 12. 03. 2021 година, како и студентската анкета за самоевалуација, која се спроведе при заверката на зимскиот семестар, во периодот од 03. 02. 2021 до 16. 02. 2021 година. Исто така, Комисијата презеде активности за анкетирање на раководството на Факултетот во врска со релевантните аспекти на процесот на самоевалуацијата што се поврзани со надлежностите на деканот и на продеканите. Во рамки на обезбедување податоци за Извештајот од самоевалуацијата, на Комисијата ѝ беа доставени потребните информации и документи преку стручно-административната служба на Факултетот. Извештајот со анализите на постојната состојба и препораките за надминување на

воочените слабости, како и за натамошно унапредување на позитивните аспекти беше завршен на 30. 06. 2021 година и упатен до деканот и до Наставно-научниот совет за натамошна постапка.

### 3. Методологија на собирање на податоците

Собирањето на податоците во текот на самоевалуацијата се одвиваше преку три типа прашалници, во кои беа конкретизирани и операционализирани општите барања за параметрите според кои се врши самоевалуацијата, во согласност со релевантните законски и подзаконски акти (Законот за високо образование, Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Упатството за самоевалуација и обезбедување и оценување на квалитетот на единиците на Универзитетот, Статутот на Филозофскиот Факултет и Правилникот за внатрешна организација на Филозофскиот факултет).

1) **Првиот тип прашалник** беше упатен до поткомисиите по институтите на Факултетот и тој служеше како образец за конечните извештаи од поткомисиите, врз основа на кои е изготвен и овој Извештај што се однесува на целокупната дејност на Филозофскиот факултет. Со цел да се обезбеди континуитет на самоевалуацискиот процес и споредливост на резултатите со оние од претходниот интегрален извештај за самоевалуацијата на Факултетот (за периодот 2013/14 2015/16 година), прашалникот за поткомисиите беше изготвен врз основа на Упатството за самоевалуација и обезбедување и оценување на квалитетот на единиците на Универзитетот (април 2013 година), како и врз основа на прашалникот од претходната самоевалуација. Сепак, структурата на овој претходен прашалник беше делумно модификувана со додавање на нови прашања, чија цел беше да соберат дополнителни податоци за некои елементи на самоевалуацијата. Овие дополнителни податоци се однесуваат, првенствено, на воочување на ефектите од постепеното редуцирање на наставниот, а особено на соработничкиот кадар, врз одвивањето на наставно-образовниот процес, како и на диференцираноста на структурата и типот на публикациите и научноистражувачките активности на наставно-научниот кадар за периодот што се евалуира.

Освен тоа, во прашалникот за поткомисиите беше додаден и цел нов комплекс прашања, посветен на спецификите на остварувањето на наставно-образовната и истражувачката дејност во вонредните услови на пандемијата Ковид 19. Целта на овој комплекс прашања беше да се соберат податоци што ќе овозможат да се процени брзината, соодветноста и успешноста на реакцијата на Факултетот во овие новонастанати околности, како и да се дадат препораки за натамошно подобрување на системот на функционирање во оваа и во слични вонредни ситуации.

2) Како во претходниот, така и во овој циклус на самоевалуација, значаен дел од информациите содржани во прашалникот за поткомисиите се однесуваа на податоците за индивидуалните научноистражувачки активности на наставниците, како и на нивните мислења и оценки за некои од клучните аспекти на самоевалуацискиот процес. Со цел да се олесни процесот на собирање на овој тип податоци, беше подготвен **и втор тип прашалник за анкетирање на наставниците** како носители на наставно-образовната и на истражувачка дејност на Факултетот, кој беше користен од страна на поткомисиите, а добиените податоци и мислења се вградени во конечните верзии на извештаите на поткомисиите.

3) Освен претходните два, беше подготвен и **трет тип прашалник**, кој беше упатен до раководството на факултетот – деканот и продеканите, со цел да се соберат информации за определувањето на мисијата, визијата и стратешките цели на Факултетот,

постапките што се преземаат за нивното остварување, определени аспекти на финансирањето на дејноста на Факултетот, меѓународната соработка и други релевантни информации од делокругот на нивните надлежности. Исто така, преку стручните служби на Факултетот – Одделението за студентски прашања, Одделението за човечки ресурси и настава и Одделението за материјално, сметководствено и финансиско работење беа обезбедени потребните податоци за сегментите на евалуацијата што се поврзани со нивната дејност во рамки на Факултетот.

## 4. Анкета за студентска евалуација

Во рамки на самоевалуацискиот процес се спроведе и задолжителната анкета за студентска евалуација. Имајќи ги предвид специфичните услови во кои се одвиваше наставата во зимскиот семестар 2020/21 година поради пандемијата Ковид 19, во одлучувањето за начинот на спроведувањето на овој сегмент од самоевалуацијата, беа земени предвид неколку фактори.

а) Првиот од нив беше потребата од минимизирање на дополнителните здравствени ризици и избегнување на анкетирање со физичко присуство на анкетарите (како што анкетата се одвиваше во претходните циклуси, при нормален здравствен режим).

б) Вториот фактор беше поврзан со комбинираниот начин на одвивање на наставата во зимскиот семестар (со физичко присуство и по електронски пат), што оневозможува единствен модел на пристап до сите студенти во текот на нивното следење на наставата.

в) Третиот фактор беа препораките произлезени од воочените недостаци на класичниот пристап при изведувањето на анкетирањето, особено на рачното внесување податоци, дадени во извештајот на претходната Комисија за самоевалуација.

г) Четвртиот фактор го претставуваа препораките од претходната надворешна евалуација на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје за поинтензивно и посистематско користење на системот Iknow во различните аспекти на дејноста на факултетите во составот на УКИМ.

Имајќи ги предвид сите овие фактори, беше одлучено студентската анкета за евалуација на зимскиот семестар на учебната 2020/21 година да се спроведе по електронски пат, со користење на системот Iknow, при процедурата на заверка на летниот семестар на учебната 2020/21 година. Со оглед на тоа дека на Филозофскиот факултет за прв пат се поставува ваков систем на изведување на студентската анкета, кој во иднина ќе може да служи и за други видови анкети или истражувања, резултатите од неговата примена, вклучително и позитивните страни и евентуалните слабости и недостатоци, ќе бидат предмет на посебна анализа во делот III. 5. 8 на овој Извештај, како и во натамошните извештаи на Комисијата.

## 5. Приказ на позитивните елементи и на тешкотиите што се појавија во самоевалуацискиот процес

Поради мошне сложената и разгранета структура на Филозофскиот факултет, успешното одвивање на процесот на самоевалуација подразбира добра организација на и соодветна распределба на обврските на сите учесници во него. Еден од позитивните аспекти на поделбата на работата по поткомисии на институтите беше релативно брзото и ефикасно собирање на податоците и сумарните резултати од евалуацијата што

претставуваат основа за овој Извештај. Исто така, изработувањето на посебен прашалник за наставниците придонесе за оптимизирање на постапката на собирање податоци, но и за целосно систематско вклучување на сите носители на наставната и на научноистражувачката дејност на Факултетот во процесот на самоевалуација. Сепак, беше констатирано дека во интерпретацијата на некои барања од овие прашалници се јавуваат разлики од еден до друг институт, кои го отежнуваат унифицирањето на податоците при обработката. Оттаму, беше констатирано дека при идните циклуси на самоевалуација би било препорачливо да се изработи подетално упатство за пополнување на прашалниците, а некои од постојните барања дополнително да се прецизираат и операционализираат.

Исто така, во текот на изработката на извештаите од поткомисиите, беше забележано дека голем дел од бараните податоци за студиските програми и нивната реализација во изминатиот петгодишен период треба да се обезбедат преку координаторите на институтите, односно на студиските програми. Во таа смисла, придонесот на координаторите беше клучна алка за успешното завршување на процесот на самоевалуацијата. Меѓутоа, се покажа дека со оглед на обемноста и разновидноста на бараните податоци, тој процес претставуваше значително, дополнително работно оптоварување за оваа категорија вработени. Од друга страна, според постојната законска и подзаконска регулатива, координаторите не се формално вклучени како членови на поткомисиите. Оттаму, на координативните состаноци на Комисијата со членовите на поткомисиите беше заклучено, во одвивањето на следните циклуси на самоевалуација, да се испитаат можностите за промена на овој тип регулатива, во насока на вклучувањето и на координаторите како членови на поткомисиите, или, доколку тоа не е можно од формално-правни причини, да се обезбедат интерни механизми за валоризирање на нивниот труд и клучен логистички придонес во овој процес.

## 6. Начин на остварување на дискусијата по Извештајот

Со оглед на значењето на Извештајот за самоевалуација како инструмент за идентификување на позитивните и негативните аспекти на функционирањето на институцијата и на предлагање мерки и стратегии за подобрување на квалитетот на нејзината дејност, Комисијата ја достави прелиминарната верзија на Извештајот до поткомисиите, а конечната верзија на Извештајот беше доставена до деканот за запознавање и до Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет.

## III. СЕГМЕНТИ НА САМОЕВАЛУАЦИЈАТА

## 1. ОПИС НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ

### 1.1. Кус историјат на Факултетот

Филозофскиот факултет е најстарата високо-образовна институција во нашата земја, основан во далечната 1920 година. Во периодот пред Втората светска војна тој претставувал единствена висока школа и научна установа во Македонија, но и зародок на современата научно-образовна и културно-просветна дејност, која сведочи за еманципаторскиот потенцијал на општествено-хуманистичките дисциплини и има пресудно значење за оформувањето на автохтоната и автономна интелектуална традиција.

Крајот на Втора светска војна претставува почеток на нова ера во развојот на Филозофскиот факултет. Во 1946 година Филозофскиот факултет е основан како прва високообразовна установа во НР Македонија, која во тој период претставува федерална единица во рамки на југословенската федерација. Како обновено средиште на интензивна интелектуална дејност во новите околности, тој ќе одигра клучна улога во втемелувањето и на другите високообразовни и научни институции во земјата – Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", Македонската академија на науките и уметностите, Народната и универзитетска библиотека, Институтот за македонски јазик, Институтот за македонска литература, итн. Датумот кога биле одржани првите предавања на Филозофскиот факултет во рамки на повоеното продолжување на неговата работа – 16 декември, е прогласен за Ден на факултетот чие чествување ја обновува врската со неговата традиција, но и ги отвора хоризонтите за неговите идни дострели.

Во 1991 г. со осамостојувањето на Република Македонија, се случија големи општествени промени, кои ја започнаа новата етапа во развојот на високото образование, а со тоа и на Филозофскиот факултет. Задржувајќи го наставно-образовниот и научниот континуитет на вредностите остварени во претходните децении од неговото постоење, Филозофскиот факултет беше исправен пред предизвикот за развивање нов, динамичен концепт на високото образование, кој би овозможил брзо вклучување во европските и светските текови на наставно-образовната и научноистражувачката дејност. Како резултат на отворањето кон меѓународните високообразовни искуства, на Филозофскиот факултет од академската 2004/05 година започнува студирањето според новите студиски и предметни програми, оформени во согласност во Европскиот кредит-трансфер систем. Тоа му овозможува на Факултетот да се интегрира во заедницата на модерни високообразовни институции во рамки на единствениот европски образовен простор, согласно Болоњската декларација.

Денес, Филозофскиот факултет е современ, интердисциплинарен факултет, сочинет од 12 институти од општествените и хуманистичките науки, кој својата дејност ја остварува како модерна научна и образовна институција, оспособена за примена на најсовремената образовна технологија според европските и светските стандарди.

Наставата на Факултетот се одвива на три циклуси, на кои во моментот на пишување на овој извештај, активно студираат над 2300 студенти. Заклучно со учебната 2020/21 година, акредитирани се вкупно 19 студиски програми на прв циклус студии со 240 кредити, 34 студиски програми на втор циклус студии со 60 или со 120 кредити и 6

студиски програми на трет циклус студии со 180 кредити.[1] Дипломите на сите три циклуси се широко признаени и овозможуваат продолжување на студиите на други универзитети во светот.

Покрај наставата, на Филозофскиот факултет има и богата научно-истражувачка дејност, која се остварува низ голем број организирани научни собири, реализирани проекти и издадени публикации, вклучително и 12 периодични публикации – списанија со меѓународен карактер. Филозофскиот факултет својата наставно-научна и истражувачка активност ја вмрежува и во широко развиена меѓународна соработка, која вклучува над 100 странски универзитети. Факултетот има исклучително богат библиотечен фонд од преку 1.000.000 публикации, како и сопствен информатички систем и мрежа, неопходни за неговото функционирање како рамноправен партнер во европскиот и во светскиот простор на високото образование.

Како во неговата едновековна историја, така и денес, главната движечка сила на Филозофскиот факултет се личностите што му го доверија своето образование и својата професионална дејност ја вградија во неговите темели и во континуираниот развој – неговите поранешни и сегашни студенти, наставници и соработници. Нивниот интелектуален придонес има огромно значење за развојот на образовниот систем, на науката, културата и на вкупниот живот во нашата земја. Со своите образовни и научноистражувачки успеси на домашен и на меѓународен план тие продолжуваат да го потврдуваат и зацврстуваат угледот на Факултетот како институција со длабоки корени во минатото, со цврста позиционирност во сегашноста и со инспиративна визија за иднината.

## 1.2. Структура на Филозофскиот факултет

### 1.2.1 Организациска структура

#### 1.2.1.1. Организациски единици и други форми на организирање на дејноста

По бројот и разновидноста на дисциплините што се изучуваат и се развиваат во негови рамки, како и по сложеноста на својата организациска структура, Филозофскиот факултет е една од најразгранетите единици на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

Основни научно-наставни организациски единици на Факултетот се институтите, формирани според соодветните научноистражувачки полиња. Во рамки на институтите се изведува наставно-образовна дејност и се реализираат фундаментални, развојни и апликативни проекти поврзани со научноистражувачко поле на кое припаѓа дејноста на Институтот. Денес, во составот на Факултетот има 12 институти, наведени по хронолошки редослед на нивното формирање:

- Институт за филозофија;
- Институт за педагогија;
- Институт за историја;
- Институт за историја на уметност и археологија;

[1] Подетални информации за овој аспект од дејноста на Факултетот се изложени во сегментот за студиските програми (во делот III.3 од овој извештај).

- Институт за класични студии;
- Институт за психологија;
- Институт за социологија;
- Институт за безбедност, одбрана и мир;
- Институт за социјална работа и социјална политика;
- Институт за специјална едукација и рехабилитација;
- Институт за родови студии;
- Институт за семејни студии.

Во рамките на факултетот постојат и други форми на организирање на дејноста, како што се:

**А. Центри**. Центрите се формираат заради изведување, организирање и поттикнување на научноистражувачката и наставно-образовната работа, пренесување на употребата на современите методи на работа, сознанијата и достигнувањата, како и за изведување на информатички и информациско- документациски активности. Центрите можат да вршат и апликативна дејност. На Филозофскиот факултет се формирани следниве центри:

- Балкански центар за проучување на мирот;
- Центар за образование и истражување;
- Анкетен истражувачки центар;
- Национален центар за континуирано образование за социјален развој;
- Центар за изработка и примена на тестови – Психометрика;
- Национален информатички центар за дефектолошки истражувања;
- Центар за едукациска поддршка на Ромите (ЦЕПОР);
- Центар за учебници по историја (ЦУИ);
- Центар за менаџмент на човечки ресурси;
- Центар за интеркултурни студии и истражувања;
- Центар за интегративна биоетика;
- Центар за доживотно учење.

Исто така, на Факултетот е формиран и Центар за кариера, кој е дел од Центарот за кариера на Универзитетот.

**Б. Лаборатории**. Лабораториите се формираат во рамки на институтите, за практично изведување на наставно-образовната, научноистражувачката и применувачката, односно апликативната работа. На Филозофскиот факултет функционираат следниве лаборатории:

- Естетичка лабораторија (при Институтот за филозофија);
- Лабораторија за компјутерска настава (при Институт за педагогија);
- Дидактичко-методска лабораторија (при Институтот за педагогија);
- Медијатека (при Институт за педагогија);
- Психолошка лабораторија (при Институтот за психологија);
- Социо-демографска и статистичка лабораторија (при Институтот за социологија).

- Лабораторија за генетика и физиологија (при Институот за специјална едукација и рехабилитација);

**В. Библиотеки**. На сите институти на Факултетот постојат библиотеки што истовремено функционираат и како читални за студентите (освен на Институот за семејни студии). Библиотеките се грижат за набавка, евиденција, чување и дистрибуција на библиотечниот фонд составен од книги, списанија и други типови публикации од дисциплините што се изучуваат на институтот и од други сродни дисциплини на сите степени на образовниот процес.

**Г. Музејски збирки**. На Институтот за историја на уметноста и археологија постои Археолошки музеј, кој содржи археолошки предмети собрани од изведуваните научноистражувачки проекти. Музејот се користи во наставно-научниот процес и за други потреби. Археолошкиот музеј при Филозофскиот факултет го сочинуваат артефакти распоредени во неколку музејски збирки – праисториска, античка, средновековна и нумизматичка.

**Д. Стручна и административна служба.** Стручните, административните, правните, помошно-техничките и општите работи ги врши Стручната и административна служба како дел од интегрираната Стручна и административна служба на УКИМ. Во рамките на Стручната и административната служба постојат следниве организациски единици: Одделение за студентски прашања, Одделение за финансиско, сметководствено и материјално работење, Одделение за правни и општи работи, Одделение за библиотечно работење и Одделение за човечки ресурси и настава.

Нагледен приказ на организациската структура на Факултетот е даден во Прилог 1 кон овој извештај.

Во рамки на Факултетот функционираат и поголем број комисии формирани од Наставно-научниот совет, односно од Деканатската управа, како тела кои работат на специфични задачи, како што се: Комисија за настава, Комисија за самоевалуација, Комисија за спорт, Комисија за информатичка технологија, Комисија за меѓународна соработка и наука, Пописна комисија и други.

### 1.2.1.2. Органи на управување

Според Статутот на Филозофскиот факултет и Правилникот за внатрешна организација на Филозофскиот факултет органи на Факултетот се: Наставно-научен совет, Декан и Деканатска управа.

Наставно-научниот совет е орган на управување и стручен орган на Факултетот. Членови на Наставно-научниот совет се редовните и вонредните професори и доцентите, кои се во редовен работен однос на Факултетот, како и претставници кои ги избира Факултетското студентско собрание. Бројот на претставниците од редот на студентите изнесува 10 % од вкупниот број членови на Наставно-научниот совет. Мандатот на студентите во Наставно-научниот совет е две години. Во работата на наставно-научниот совет учествува и секретарот, без право на одлучување.

Седниците на Наставно-научниот совет ги свикува и со нив раководи деканот на Факултетот, кој е раководен орган на факултетот и е одговорен за законитоста и статутарноста на работењето. Факултетот има три продекани 1. продекан за настава; 2. продекан за наука и меѓународна соработка; 3. продекан за финансии, инвестиции и развој. Продеканите се избираат од страна на Наставно-научниот совет, по предлог на новоизбраниот декан. Мандатот на деканот, како и на продеканите трае 3 години, со право на уште еден мандат.

Деканатската управа е орган на управување на Факултетот. Таа има 11 члена, од кои 5 се постојани: деканот, продеканите и претседателот на Факултетското студентско собрание. Останатите 6 членови на деканатската управа се раководители на институтите, со ротирачки мандат од 6 месеци.

### 1.2.1.3. Број на студенти и на вработени лица

Според податоците од Одделението за студентски прашања во моментот на пишувањето на извештајот (летен семестар 2020/21 година) на Филозофскиот факултет на сите циклуси активно студираат 2318 студенти, од кои 2224 (95,94%) на првиот, 73 (3,15%) на вториот и 21 (0,91%) на третиот циклус студии. Соодносот на бројот на студенти по циклуси нагледно е прикажан на Графиконот 1.




Графикон 1. Соодност на активни студенти по циклуси на студии

Според податоците од Одделението за човечки ресурси и настава од март 2021 година, на Факултетот се вработени вкупно 132 лица, од кои 103 (78,03%) му припаѓаат на наставниот кадар, а 29 (21,97%) на стручно-административниот кадар, како што е прикажано на Графиконот 2.




Графикон 2. Соодност на категории вработени лица на Филозофскиот факултет

Наставниот кадар се состои од 76 (73,79%) редовни професори, 25 (24,27%) вонредни професори и 2 (1,94%) доцента. Структурата на наставниот кадар по звања нагледно е прикажана на следниот графикон:




Графикон 3. Структура на наставниот кадар по наставно-научни завања

### 1.2.1.4 Споредба со состојбата од претходната евалуација

Споредбата на актуелната организациска структура на Факултетот со онаа од 2016 година покажува определени промени во некои од организациските единици и другите форми на организирање на дејноста. Тие сведочат за динамичната природа на институцијата и за нејзиното приспособување кон новонастанатите услови и околности, како и за тенденцијата за проширување на полињата и облиците на дејствување и организирање. Така, во периодот од последната самоевалуација до времето на пишување на овој извештај основан е уште еден нов центар – Центар за интегративна биоетика; од дејноста на поранешната Катедра на УНЕСКО за интеркултурни истражувања произлезе Центарот за интеркултурни студии и истражувања.

Дополнително разгранување на организациската поставеност може да се забележи и во стручната и административна служба, во чии рамки, освен претходно постојните четири, се организира и ново одделение – Одделение за човечки ресурси и настава.

Во поглед на функцијата на органите на управување, една од позначајните промени во однос на состојбата од 2016 година, која произлегува од промените во релевантната законска регулатива, се однесува на скратување на мандатот на деканот и на продеканите од претходните четири на три години.

Сепак, една од највпечатливите тенденции во поглед на глобалната структура и функционирање на Факултетот во претходните пет години е континуираното опаѓање на бројот на вработени лица, особено на наставниот кадар. Така, додека во октомври 2016 година Филозофскиот факултет имал 144 вработени од кои 108 наставници и соработници (66 редовни професори, 25 вонредни професори 15 доценти и 2 асистента докторанди) бројот на вработени лица во март 2021 година изнесува 132, од кои 103 му припаѓаат на наставниот кадар (76 редовни професори, 25 вонредни професори и 2 доцента, при што нема вработени соработници, односно асистенти). Овие податоци нагледно се прикажани на графиконите 4, 5. и 6.




Графикон 4. Споредба на вкупниот број вработени лица во 2016 и во 2021 година




Графикон 5. Споредба на вкупниот број наставно-научен кадар во 2016 и 2021 година




Графикон 6. Споредба на бројот на наставници по категории звања

Како што покажува последниот графикон, меѓу 2016 и 2021 година има значително зголемување на бројот на редовни професори, идентично ниво на бројот на вонредни професори, а големо намалување на бројот на доценти, како и целосен недостиг на вработени во категоријата асистенти.[2]

[2] Дополнителни анализи на состојбата со наставниот кадар и ефектите од неговото постепено редуцирање врз одвивањето на наставната дејност на Факултетот се презентирани во делот III.4.

Овој загрижувачки тренд, особено во поглед на наставно-научниот подмладок, го сугерира заклучокот дека, паралелно со тенденциите за проширување на дејноста на Факултетот и развивање на нови форми на нејзино организирање, неопходно е да се преземат итни и систематски активности што ги вклучуваат сите релевантни институции, со цел да се изнајдат решенија за надминување на недостигот од наставен и соработнички, но и на административен кадар и на помошно-технички персонал, кој се заканува сериозно да го редуцира обемот и квалитетот на дејноста на Факултетот во сите сегменти.

## 2. МИСИЈА НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ И СТРАТЕГИЈА ЗА НЕЈЗИНО ОСТВАРУВАЊЕ

Како високообразовна институција со мошне сложена и разгранета структура, која опфаќа голем број области од општествените и хуманистичките науки, Филозофскиот факултет има исклучително значајна академска, научна и општествена мисија. Во најширока смисла, мисијата на Филозофскиот факултет се согледува во негувањето на врвните научни и хуманистички вредности во наставната и во научноистражувачката дејност, како и нивно имплементирање во активностите што имаат пошироко општествено значење. Поаѓајќи од принципите и вредностите обликувани во текот на неговата богата традиција, но и од специфичните предизвици кои ги носи современието, Филозофскиот факултет е целосно посветен на визијата на создавање на автентичен, високо компетентен и креативен профил на општествената и хуманистичката мисла, кој македонската академска заедница суштински ќе ја поврзува со светските интелектуални текови и придобивки.

Академскиот аспект на мисијата на Филозофскиот факултет се согледува во постојаните напори за креирање на високо компетентни академски кадри. Освен тоа, на Филозофскиот факултет се води постојана грижа и за континуиран развој и унапредување на научно-истражувачката дејност, преку финансиска поддршка на учеството на наставниот кадар на домашни и меѓународни конференции, издавање на публикации, користење на можностите за финансирање на научноистражувачки и апликативни проекти, итн.

Во функција на реализирање на оваа визија, во завршна фаза е изработката на Стратегија за развој на Филозофскиот факултет која треба да се донесе во октомври 2021 година. Целта на овој документ е да ги идентификува сите предизвици со кои се соочува и ќе се соочува Факултетот на кус, среден и долг рок, а со тоа да ја проектира и развојната компонента која ќе ги опфати долгорочните заложби за негов континуиран развој.

Во контекст на стратегијата за развој на институцијата, во периодот на кој се однесува самоевалуацијата, Факултетот ги има определено своите тековни академски приоритети. Тие произлегуваат од потребите поврзани со реализација на студиските програми на сите три циклуси на студии на Факултетот и со одвивањето на научно-истражувачката дејност при Факултетот, од зацртаните цели во Програмата за работа на деканот (за периодот 2017 – 2021 година), како и од Стратегијата на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (2019 – 2023 година). Така, во доменот на наставата, како приоритетни се идентификувани следниве цели:

- Подигнување на квалитетот на наставата;
- Воведување нови и осовременување на постојните студиски програми во соработка со Центарот за кариера;
- Зајакнување на практичната и теренската настава за студентите;
- Поттикнување на развојот на e-learning.

Во доменот на научната дејност за периодот 2017 – 2021 година приоритет им е даден на следните активности:

- Дигитализација на библиотечната евиденција на книжевниот фонд;
- Зајакнувања на дата базите на научни списанија;
- Зголемување на бројот на научни истражувања и проекти;

- Зголемување на бројот на објавени научни трудови во престижни списанија со фактор на влијание.

Со цел да се следи остварувањето на зацртаните цели, Факултетот има дефинирана институционална политика за обезбедување квалитет која е јавно достапна и претставува дел од неговото стратешко управување.

Напорите за внатрешното обезбедување на квалитет се интегрирани во секојдневната работа на Факултетот и неговите тела и органи, а нивните резултати периодично се верификуваат преку механизмите на самоевалуацијата и надворешната евалуација, во согласност со европските стандарди и насоки за обезбедување квалитет во високообразовната дејност.

# 3. СТУДИСКИТЕ И ПРЕДМЕТНИТЕ ПРОГРАМИ

## 3.1. Студиски програми од прв, втор и трет циклус

На Филозофскиот факултет во Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", наставно-образовната дејност се организира во три циклуси на студии и тоа: прв циклус на студии во траење од четири години (најмалку 240 кредити според ЕКТС), втор циклус на студии (едногодишни – 60 кредити или двогодишни – 120 кредити) и трет циклус на студии (тригодишни – 180 кредити).

### 3.1.1. Студиски програми од прв циклус

На **првиот циклус студии** активни се 19 студиски програми, акредитирани според релевантните законски и подзаконски одредби, со решенија од Одборот за акредитација и решенија за почеток со работа од Министерството за образование и наука:

- Филозофија
- Педагогија
- Андрагогија
- Историја
- Историја со архивистика
- Историја на уметноста
- Археологија
- Класична филологија со антички студии или византологија
- Старогрчки јазик и античка книжевност
- Латински јазик и античка книжевност
- Психологија
- Социологија
- Безбедност, одбрана и мир
- Приватна и корпоративна безбедност
- Социјална работа и социјална политика
- Специјална едукација и рехабилитација
- Родови студии
- Семејни студии
- Меѓународни и интеркултурни студии.

Последната акредитација на студиските програми по Андрагогија, Приватна и корпоративна безбедност и Меѓународни и интеркултурни студии е од 2017/18 година, а на сите останати студиски програми – од 2018/19 година.

Сите студиски програми на прв циклус се во траење од осум семестри (240 кредити). Просечниот број предмети по студиска програма (заедно со дипломскиот испит) е 41,9 (во просек 5,2 предмети во семестар), а во структурата на секоја студиска програма се вклучени задолжителни и изборни предмети, вклучително и изборни предмети од листата на УКИМ. Вкупниот број предмети, според структурата на програмите, е 797, од кои 483 се задолжителни, а 314 изборни (во овој број се вклучени и изборните предмети од УКИМ), при што дистрибуцијата на задолжителни предмети, изборни предмети и изборни предмети од слободната листа на УКИМ на секоја студиска програма до дипломирањето е во рамки соодносот 60:30:10.

Вкупниот неделен фонд часови од сите предмети на прв циклус изнесува 3409 часа, при што за задолжителните предмети на прв циклус се предвидени 2374[3], а за изборните – 1035 часа[4]. Сепак, на некои студиски програми бројот на часовите предвидени за изборните предмети варира (во обем до десетина часа) во зависност од избраниот модул, што значи дека таа варијација може да се одрази и на погоре посочните вкупни бројки на часовите.

### 3.1.2. Студиски програми од втор циклус

На **вториот циклус студии** активни се 34 акредитирани студиски програми, акредитирани според релевантните законски и подзаконски одредби, со решенија од Одборот за акредитација и решенија за почеток со работа од Министерството за образование и наука. Од нив, 27 се програми со 60 кредити (2 семестра):

- Филозофија
- Педагошки науки
- Менаџмент во образованието
- Историја и архивистика
- Историја на уметноста
- Археологија
- Класична филологија, византологија и микенологија
- Психологија
- Социологија
- Европски студии за интеграција
- Безбедност
- Корпоративна безбедност и безбедносен менаџмент
- Мир - Мировните политики, Глобализација, Мирот и конфликтите
- Стратегиски и одбранбени студии
- Социјална работа и социјална политика
- Социјален менаџмент
- Специјална едукација и рехабилитација – специфични тешкотии во учењето
- Специјална едукација и рехабилитација – интелектуална попреченост и аутизам
- Специјална едукација и рехабилитација – оштетување на слухот
- Специјална едукација и рехабилитација – оштетување на видот
- Специјална едукација и рехабилитација – моторни нарушувања,
- Инклузивно образование
- Родови студии
- Интеркултурни студии
- Меѓународни односи: Разрешување на конфликти, дипломатија и глобално управување
- Менаџмент на човечки ресурси во општествените дејности
- Интер-религиски студии

---

[3] Во овој број се вклучени и часовите (неделен фонд од 6 часа) што на трите програми од Институтот за класични студии се предвидени во рамки на процесот на изработка на дипломската работа.

[4] Во овој број не се вклучени часовите од 28 изборни предмети од УКИМ, кои не се наведени во некои од студиските програми, бидејќи зависат од предвидените часови за конкретните предмети избрани од студентот во секој поединечен случај.

Со 120 кредити (4 семестри) се 7 програми од вториот циклус студии:

- Родови студии
- Безбедност
- Корпоративна безбедност и безбедносен менаџмент
- Мир – Мировните политики, Глобализација, Мирот и конфликтите
- Стратегиски и одбранбени студии
- Менаџмент на човечки ресурси во општествените дејности
- Интер-религиски студии.

Од нив, последната акредитација (односно, решение за почеток со работа[5]) на програмата по Родови студии (60 и 120 кредити) е од 2017/18 година, на програмите по Интер-религиски студии (60 и 120 кредити) и Корпоративна безбедност и безбедносен менаџмент (60 и 120 кредити) е од 2018/19 година, а на останатите програми од 2019/20 година.

Вкупниот број предмети на вториот циклус, според структурата на студиските програми е 301 (заедно со магистерскиот труд), од кои 171 се задолжителни, а 130 изборни.[6] Соодносот на задолжителните, изборните и изборните предмети од слободната листа на УКИМ (до магистрирањето) е во рамките на дистрибуцијата 60:30:10. Просечниот број предмети по студиска програма со 60 кредити (заедно со магистерскиот труд ) е 7,7 предмети, а на студиските програми со 120 кредити – 13,4 предмети. Вкупниот фонд часови (за предавања) од предметите на вториот циклус изнесува 4333 часа, од кои за задолжителните предмети се предвидени 2728, а за изборните – 1605 часа.

### 3.1.3. Студиски програми од трет циклус

Што се однесува до **студиите од трет циклус**, според последите акредитации и решенија за почеток со работа, активни се шест студиски програми – три од подрачјето на општествените науки (Педагогија, Социологија и Безбедност, одбрана и мир) и три од научното подрачје на хуманистички науки (Филозофија, Историски науки и Историја на уметност и археологија). Тековните студиски програми по Социологија и Безбедност, одбрана и мир, се започнати во учебната 2018/19 година, а студиските програми по Филозофија, Педагогија, Историски науки и Историја на уметност и археологија во 2019/20 година. Најновата студиската програма по Психологија е акредитирана во 2020/21 година, а студиската програма по Дефектологија е во процес на акредитација.

Студиските програми од трет циклус се во траење од шест семестри (180 кредити) и ја следат заедничката структура определена од Школата за докторски студии на УКИМ, во која се содржани предмети за стекнување генерички знаења и вештини за истражување (12 кредити), предмети од полето и областа на истражување (30 кредити), годишни конференции (12 кредити), докторски семинари (6 кредити), истражувачка работа под менторство – подготовка на предлог-проект за докторски труд (14 кредити), поднесување на предлог-проект за изработка на докторски труд (27 кредити), учество на меѓународни собири во врска со докторскиот труд (26 кредити), објавување на дел од

[5] На некои од студиските програми акредитациите и решенијата за почеток со работа се добиени во различни календарски години, така што годината на акредитација може да не коинцидира со годината во која е започната реализацијата на програмата, која е условена од добивањето на решението за почеток со работа.
[6] Во овој број се вклучени и изборните предмети од УКИМ.

оригиналните резултати од докторскиот труд (27 кредити), одбрана на докторскиот труд (26 кредити).

Според извештатите од поткомисиите од март 2021 година, на студиските програми од третиот циклус, акредитации за менторство имаат добиено 65 професори, а уште 14 се во постапка за акредитација.

Табеларниот приказ на студиските програми што биле активни во изминатиот петгодишен период по институтите на сите три циклуси е даден во прилог 2, а бројот и распоредот по категории на реализаторите на студиските програми според последната акредитација – во прилог 4 кон овој извештај.

### 3.1.4. Резиме и споредба со претходната самоевалуација

Во однос на периодот на претходната евалуација, може да се констатира дека на првиот циклус студии понудата на студиски програми е збогатена со две нови студиски програми – Андрагогија на Институтот за педагогија и интердисциплинарната програма по Меѓународни и интеркултурни студии. Исто така, студиската програма за прв циклус по Родови студии, која од учебната 2013/14 година беше ставена во мирување, односно за која не беа одобрени квоти за упис на студенти, од учебната 2017/18 година е повторно активна.

На студиите од втор циклус, во споредба со состојбата од претходната евалуација, може да се забележи значително зголемување на бројот на студиските програми на институтите за Безбедност, одбрана и мир (вкупно осум програми) и Специјална едукација и рехабилитација (вкупно шест програми). Исто така, може да се констатира дека дел од студиските програми имаат мошне разгранета структура, во смисла на тоа што опфаќаат поголем број насоки/модули, кои на студентите им овозможуваат профилирање на индивидуалните интересирања и потесна стручна специјализација.

Од друга страна, две програми од вториот циклус, кои биле активни во периодот на претходната евалуација – програмата по Малолетничка деликвенција и специјалистичките студии по Социјална работа во здравство и, не се активни според последната акредитација за студиските програми од втор циклус.

На третиот циклус, од споредбата со состојбата при претходната евалуација, може да се види дека во меѓувреме се истечени акредитациите за неколку студиски програми што биле активни во претходниот период – Меѓународни односи и менаџирање на конфликти (тригодишни и четиригодишни студии – 180 и 240 кредити, на англиски јазик), Дефектологија (за која е поднесено барање за повторна акредитација), Социјална работа и социјална политика, и Класична и византиска книжевност и класична микенска филологија. Студентите што се запишани по програмите за кои е истечена акредитацијата ги реализираат своите обврски според законските и статутарните рокови во чии рамки можат да го завршат студирањето според овие програми.

Како што може да се види од прикажаните податоци, на сите три циклуси на Филозофскиот факултет постои богата и разновидна понуда на студиски програми, како и на предмети во нивни рамки. Ова особено се однесува на понудата на изборни предмети, која е далеку поголема од бројот предвиден во структурата на студиските програми, бидејќи во секоја студиска програма има листи на изборни предмети (кои се особено опсежни на некои студиски програми на студиите од втор циклус), од кои студентите можат да го направат изборот на предвидениот број предмети во согласност со своите интересирања.

Од една страна, оваа богата понуда ја одразува активната и динамична природа на наставната дејност на Филозофскиот факултет, во смисла на следење на новите трендови во наставата и истражувањето во соодветните дисциплини и обид да се излезе во пресрет на специфичните академски интересирања на што е можно поголем број студенти. Од друга страна, со оглед на постојаното намалување на бројот на наставниот кадар и зголемување на работната оптовареност на наставниците, се поставува прашањето за можноста од успешно и квалитетно реализирање на големиот број студиски програми со постојните ресурси. Имено, големата понуда на предмети заедно со намалувањето на бројот на наставниците, ја наложува потребата голем дел од предметите на прв циклус, кои вообичаено ги реализирал еден наставник, да се изведуваат комисиски поради ограничувањето на максимумот од четири предмети по семестар по наставник, или да се прераспределуваат по и така оптоварените професори. Оваа состојба дополнително е усложнета и со „преклопувањето" на студиските програми од различни години на акредитација, што, во некои случаи, дополнително го зголемува бројот предмети што еден наставник треба да ги реализира во текот на семестарот. Исто така, малиот број студенти на вториот циклус ја намалува можноста за оформување на групи на предавање, односно наложува потреба за менторски вид настава на голем број предмети. Во таа смисла, сите овие аспекти на разгранетата структура на студиски програми и предмети би требало сериозно да се земат предвид при подготовката на програмите за следниот циклус акредитации.

## 3.2. Целите на студиските програми и нивната реализација

Во духот на општата академска мисија на Филозофскиот факултет за креирање високо компетентни кадри, кои поседуваат продлабочени научни знаења во своите дисциплини и способност за нивна примена во соодветните области, наставната дејност на секој од институтите на Филозофскиот факултет се темели врз определувањето на целите на студиските програми, кои се во функција на остварувањето на оваа мисија. Степенот на реализирање на тие цели во голема мера се изразува низ вештините и компетенции со кои студентите се стекнуваат во текот на студирањето. Оттаму, покрај општите академски способности, во студиските програми на сите институти се детално дефинирани и специфичните вештини и компетенции, релевантни за конкретното подрачје, поле и област на кое му припаѓа определена студиска програма.

Споредбата на предвидените компетенции со структурата на студиските програми и наставните програми упатува на заклучокот дека тие се компатибилни и обезбедуваат соодветно стручно оспособување на студентите, паралелно со нивното оспособување за изведување научно-истражувачка работа и пишување стручни и научни трудови од соодветните области. Поради големиот број и хетерогеноста на студиските програми на Филозофскиот факултет, приказот на специфичните компетенции по институти е даден за секој институт посебно, во табелата во прилог 3 кон овој извештај.

Во рамки на процесот на самоевалуација, наставниците од сите институти на Филозофскиот факултет беа анкетирани во врска со неколку клучни сегменти поврзани со евалуацијата на студиските програми и нивната реализација како основна содржина на наставната дејност: 1) степенот на исполнување на целите на студиските и предметните програми; 2) соодветноста на предметните содржини на звањето во дипломата; 3) соодветноста на број на часови за предавања и број на часови за вежби; 4) развивањето на стручен профил според определбата на студентот 5) значењето на дипломската работа за оформување на стручниот профил; 6) покриеноста на предметите

со учебници и учебни помагала за предметните содржини; 7) користењето на современи технологии во наставата; 8) користењето методи за континуирана проверка на знаењата; 9) реализирањето на студентската практика; 10) надворешна соработка. Во продолжение на текстот се сумирани мислењата и оценките на наставниците во врска со овие аспекти на студиските програми, врз основа на извештаите од поткомисиите, во кои како став на институтот по определено прашање е регистриран најчесто застапениот одговор на наставниците од тој институт.

1) Во поглед на прашањето **дали предметните содржини ги исполнуваат целите на студиските програми**, значително доминира потврдниот одговор. Така, поред мислењето на десет од институтите на Факултетот предметните програми во целост ги исполнуваат целите на студиските програми, додека само на два института (Историја на уметноста и археологија и Безбедност, одбрана и мир) исполнувањето на целите е оценето како делумно. Оваа оценка се однесува на студиските програми од прв циклус по Историја на уметноста и по Археологија на Институтот за историја на уметност и археологија, како и на студиската програма по Безбедност, одбрана и мир на Институтот за безбедност, одбрана и мир.

2) Во поглед, пак, на прашањето **дали предметните содржини се соодветни на звањето** во дипломата која ја добиваат студентите, мислењата по институтите не се разликуваат – имено, сите одговараат потврдно на ова прашање за сите три циклуси на студии.

3) **Односот на бројот на часови за предавања и бројот на часови за вежби** е оценет како целосно соодветен за реализација на целите предвидени со наставната програма на сите институти, односно студиски програми, освен на вториот циклус студии на Институтот за педагогија. Имено, во рамки на овој институт, на студиските програми по Педагошки науки и по Менаџмент во образованието односот на бројот на часови за предавања и бројот на часови за вежби е оценет како делумно соодветен за реализација на целите предвидени со наставната програма.

4) Што се однесува до **развивањето на стручен профил според определбата на студентот**, според оценката на наставниците на единаесет од дванаесетте институти на Факултетот, структурата на часовите овозможува да се развие стручен профил според определбата на студентот на сите три циклуси. Отстапување од овој став може да се забележи единствено на Институтот за историја на уметноста и археологија, каде што преовладува мислењето дека на првиот циклус студии по Историја на уметноста и по Археологија тоа е овозможено само делумно.

5) **Значењето на дипломската работа за оформување на стручниот профил** се оценува како големо на речиси сите институти, односно студиски програми што се организираат во нивни рамки. Исклучок од оваа констатација претставува ставот на наставниците од Институтот за безбедност, одбрана и мир (на двете студиски програми – Безбедност, одбрана и мир и Приватна и корпоративна безбедност), како и на наставниците од Институтот за социјална работа и социјална политика. Имено, на овие два института значењето на дипломската работа за оформување на стручниот профил се оценува како мало.

6) Во поглед на **покриеноста на предметите со учебници и учебни помагала за предметните содржини,** за чие совладување основната и дополнителната литература е наведена во сите наставни програми на сите три циклуси, кај повеќето институти (Педагогија, Историја, Психологија, Социологија, Безбедност, одбрана и мир, Социјална работа и социјална политика, Специјална едукација и рехабилитација и Родови студии) е констатирано сите предмети се покриени со библиотечниот фонд на соодветниот институт, за целиот период што се евалуира. На институтите за Историја на уметноста и археологија и на Институтот за класични студии библиотечниот фонд на институтот

располага со учебна литература за повеќето, но не за сите предмети, односно предметни содржини. На Институтот за филозофија, во учебните години 2016/17 и 2017/18 мал дел од предметите биле покриени со учебна литература од сопствениот библиотечен фонд, додека во периодот од 2019/19 до 2020/21 година состојбата делумно се подобрува, така што учебната литература се обезбедува за повеќето предмети. Според податоците од поткомисиите, единствено Институтот за семејни студии (најскоро формираниот институт) не располага со библиотечен фонд на учебници и учебни помагала за предметните содржини.

7) Кога станува збор за **користењето на современите технологии во наставата**, од добиените одговори може да се заклучи дека тие редовно се користат на сите институти на Филозофскиот факултет, речиси во сите учебни години во периодот на кој се однесува самоевалуацијата. Состојбата што претставува исклучок од оваа констатација се јавува во учебните години 2016/17 и 2017/18 на Институтот за безбедност, одбрана и мир, каде што современите технологии се користеле ретко, поради карактерот на наставните содржини што не бараат нужно нивна употреба, како и на Институтот за специјална едукација и рехабилитација, каде што причината за ретката употреба на современите технологии е недостатокот на ресурси. Сепак, почнувајќи од учебната 2018/19 година ваквите технологии редовно се користат и на овие институти, како и на останатите институти на Филозофскиот факултет.

8) Во поглед на **методите за проверка на знаењата**, може да се констатира дека на сите институти се применуваат методи за континуирана проверка на знаењата (колоквиуми, тестови, усни и писмени испити, дополнителни активности на студентите во рамки на наставата по предметите) во наставно–образовниот процес, во сите учебни години на кои се однесува самоевалуацијата.

9) Извесна хетерогеност меѓу институтите и студиските програми што се реализираат во нивни рамки може да се забележи во врска со **реализацијата на студентската практика.** Така, таа не е предвидена на студиските програми на институтите за Родови студии и за Класични студии. На сите останати институти таа се реализира единствено на студиските програми од прв циклус, освен на Институтот за историја на уметноста и археологија, каде што е застапена и на вториот циклус. На најголем број од студиските програми (Филозофија, Педагогија, Историја, Историја со архивистика, Психологија, Специјална едукација и рехабилитација) таа се реализира во текот на зимскиот, односно летниот семестар. На студиската програма за Археологија и на Психологија (програмата од 2013/14 година) студентската практика била реализирана не само во текот на годината (зимскиот, односно летниот семестар), туку и во текот на зимскиот, односно летниот распуст. Зимскиот и летниот распуст се посочени како периоди предвидени за реализација на студентската практика и на студиските програми за Приватна и корпоративна безбедност, Социјална работа и социјална политика и Семејни студии. Во студиската програма по Психологија од 2018/19 година студентската практика се реализира во осмиот семестар, додека на студиските програми по Историја на уметноста, Социологија и Безбедност, одбрана и мир нема предвидени фиксно време за реализација.

10) Во поглед на **надворешната соработка** – ангажирање на експерти од практиката, гостувања од други институции од земјата и од странство итн. – во реализацијата на студиските програми на осум од дванаесетте институти од Филозофскиот факултет – имено на институтите за Филозофија, Педагогија, Историја на уметноста и археологија, Психологија, Социологија, Безбедност, одбрана и мир, Социјална работа и социјална политика и Специјална едукација и рехабилитација, овој вид соработка се реализира редовно, во сите учебни години на кои се однесува самоевалуацијата. На институтот за Историја и на институтот за Родови студии

надворешната соработка се остварува во исклучителни случаи за целиот период од 2016/17 до 2020/21, додека на институтите за Класични студии и за Семејни студии таа се остварува само за периодот од 2018/19 до 2020/21 година.

### 3.3. Резиме и споредба со претходната самоевалуација

Од изнесените податоци и оценки може да се извлечат општиот заклучок дека во наставата на Филозофскиот факултет постои висок степен на остварување на целите на студиските програми. Тој заклучок е изведен врз основа на следните констатации од извештаите на поткомисиите:

- >предметните содржини, бројот и распоредот на часовите за предавања и за вежби во најголем број случаи се соодветни на целите и на дипломата што ја добиваат студентите;
- >за оформување на стручниот профил придонесува и дипломскиот труд, кој, на повеќето институти, се смета за значајна компонента за заокружување на нивното образование на првиот циклус студии;
- >методите за континуирана проверка на знаењата се користат редовно и систематски;
- >покриеноста на предметите со учебници и учебни помагала за предметните содржини покажува извесни варијации од еден до друг институт и од една до друга учебна година, но во глобала се смета за задоволителна (освен на еден институт – Институтот за семејни студии).
- >на повеќето институти наставата се реализира и со форми на надворешна соработка, а студентите реализираат студентска практика според спецификите на стручниот профил за кој се оспособуваат.

Во овие аспекти, состојбата во изминатиот петгодишен период не отстапува значително од онаа констатирана во извештајот од претходната самоевалуација. Единствената позабележителна промена се однесува на користењето на современите информациско-комуникациски технологии во наставниот процес. Така, додека во периодот од 2011/12 до 2015/16 година на половината од институтите била констатирана само повремена, односно ретка употреба на современите технологии, во периодот на оваа евалуација ситуацијата е значително изменета во насока на сè позачестена употреба на овој тип технологии во наставата, која кулминираше за време на пандемијата Ковид 19 во периодот од 2020/21 година.

Општите препораки што произлегуваат од констатираната состојба би се состоеле во укажувањето на потребата да се преземат соодветни мерки за по добрување на состојбата во оние аспекти и на оние институти каде што се констатирани слабости, особено во следните насоки:

- > усогласување на содржините и бројот на часови на студиските програми на кои се јавува таков вид неусогласеност, при следниот циклус на акредитација;
- > зголемување на покриеноста на предметните содржини со учебна литература на институтите на кои е посочен недостиг на таков вид литература, и
- > интензивирање на надворешната соработка на институтите на кои таа е оценета како недоволна или непостојна.

# 4. НАСТАВНО-НАУЧЕН И СОРАБОТНИЧКИ КАДАР

## 4.1. Број и структура на наставниот кадар

Квалитетот на наставно-научната дејност на Филозофскиот факултет, како и на секоја друга високообразовна институција, суштински зависи од состојбата со наставно-научниот и соработничкиот кадар, во смисла на вработеност на доволен број соодветно квалификувани и мотивирани кадри, кои ќе имаат адекватни услови своите знаења и научноистражувачки искуства на оптимален начин да им ги пренесат на студентите. Во тој поглед, од анализата на податоците во врска со состојбата со наставно-научниот и соработничкиот кадар може да се констатира постоење на негативен тренд на развој – имено, во изминатиот петгодишен период, бројот на вработени наставници на Филозофскиот факултет е во континуирано опаѓање, што може да се види од табела 1.

Табела 1. Преглед на вработени наставници и соработници со полно работно време за последните пет години

| Учебна година | Редовни професори | Вонредни професори | Доценти | Асистенти | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| 2016/17 | 66 | 25 | 15 | 2 | 108 |
| 2017/18 | 64 | 33 | 7 | 2 | 106 |
| 2018/19 | 71 | 28 | 6 | 1 | 106 |
| 2019/20 | 73 | 26 | 7 | / | 106 |
| 2020/21 | 76 | 25 | 2 | / | 103 |

Генералниот тренд на бројот на наставници во изминатиот петгодишен период период нагледно е прикажан на графиконот 7, а трендот по категории наставни звања – на графиконот 8.




Графикон 7. Тренд на бројот на вработени наставници и соработници за периодот 2016/17 – 2020/21 година




Графикон 8. Тренд на бројот вработени наставници по категории наставно-научни звања за периодот 2016/17 –2020/21 година

Како што покажуваат податоците, од учебната 2016/17 година до учебната 2020/21 година, бројот на наставниците е намален за 5 – од 108 на 103, при што најголем пад бележи во учебната 2020/21 одина. Притоа, особено се впечатливи две тенденции – од една страна, големото намалување во категоријата доценти низ последователните години и речиси целосното отсуство на соработнички кадар (само два асистента во 2016/17 година, а ниту еден од 2019/20 година наваму), а од друга, постепеното зголемување и доминантноста на категоријата редовни професори (зголемување на бројот за 10 редовни професори за периодот на кој се однесува самоевалуацијата). Тоа значи дека старосната структура на кадарот се повеќе се поместува кон највозрасната категорија, односно дека во претстојниот период може да се очекува нов бран на пензионирања, без обезбеден наставно-научен подмладок. Имајќи го предвид фактот дека за изградувањето на помладите соработници во компетентен и високо професионален наставен кадар е потребно долгогодишно научноистражувачко и педагошко искуство, несомнено е дека оваа ситуација претставува сериозна закана како за одржување на постојниот обем и квалитет на наставната и научноистражувачката дејност, така и за развојните перспективи на Факултетот.

Во моментот на пишувањето на овој извештај, на Филозофскиот факултет се вработени 103 наставника, чија структура и распоред по институти се дадени во следнава табела:

Табела 2. Преглед на структурата на постојниот наставен кадар по институти (летен семестар 2020/21 година)

| Институт | Редовни професори | Вонредни професори | Доценти | Асистенти | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| Филозофија | 5 | 3 | / | / | 8 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Педагогија | 8 | 3 | / | / | 11 |
| Историја | 8 | 2 | / | / | 10 |
| Историја на уметноста и археологија | 8 | 2 | / | / | 10 |
| Класични студии | 5 | 1 | / | / | 6 |
| Психологија | 8 | 3 | 1[7] | / | 12 |
| Социологија | 9[8] | / | / | / | 9 |
| Безбедност одбрана и мир | 10 | 3 | | / | 13 |
| Социјална работа и социјална политика | 6 | 2 | / | / | 8 |
| Специјална едукација и рехабилитација | 6 | 3 | / | / | 9 |
| Родови студии | 3 | 1 | / | / | 4 |
| Семејни студии | / | 2 | 1 | / | 3 |
| Вкупно | 76 | 25 | 2 | / | 103 |

Сепак, на двајца наставници работниот однос им е во мирување, така што, според прегледот на ангажираноста, во наставата во учебната 2020/21 година се активно вклучени 101 наставник, што дополнително ја зголемува оптовареноста на постојниот наставен кадар.

## 4.2. Оптовареност на настаниот кадар: соодноc наставник – студент и годишен фонд на часови

а) Соодноc наставник – студент

Тенденцијата на зголемена оптовареност на наставниот кадар може да се види и од анализата на квантитативниот соодноc наставник – студент. Имено, сложената и разнородна структура на Филозофскиот факултет ја наметнува потребата да се разгледат повеќе димензии на овој соодноc во негови рамки.

Глобалниот соодноc наставник/студент за учебната 2020/21 година за сите три циклуси изнесува 1:22,5 студенти, а е добиен како количник од вкупниот број од активни студенти за оваа година (2318, од кои 2224 на првиот, 73 на вториот и 21 на третиот циклус студии) и бројот на моментално вработените наставници на Факултетот (103). Со оглед на релативно малиот број студенти на вториот и на третиот циклус, натамошните анализи ќе се однесуваат на аспектите на соодносот наставник – студент што се карактеристични за првиот циклус студии.

[7] Работниот однос на единствениот доцент од Институтот за психологија е во мирување.
[8] Работниот однос на еден редовен професор од Институтот за социологија е во мирување.

Анализата на податоците по години, прикажани во Табела 3, покажува дека бројот на студенти по наставник на првиот циклус има тенденција на растење, како резултат на зголемување на бројот на активни студенти и опаѓањето на бројот на вработените наставници, така што во учебната 2020/21 година ја достигнува бројката од 1:21,60 за прв циклус.

Табела 3. Соодност наставник-студент на првиот циклус студии за перидот 2016/17 – 2020/21 година

| Учебна година | Број на активни студенти на прв циклус | Број на наставници | Соодност |
|---|---|---|---|
| 2016/17 | 1262 | 108 | 1:11,68 |
| 2017/18 | 1618 | 106 | 1:15,26 |
| 2018/19 | 1909 | 106 | 1:18,01 |
| 2019/20 | 2075 | 106 | 1:19,57 |
| 2020/21 | 2224 | 103 | 1:21,60 |

Трендот на растење на бројот на студенти по наставник на првиот циклус во периодот на кој се однесува самоевалуацијата е нагледно прикажан на графиконот 9.




Графикон 9. Тренд на соодносот наставник – студент на прв циклус во периодот 2016/17 – 2020/21 година

Соодносот наставник – студент по институтите, пресметан како соодност на бројот на активните студенти на институтот (на студиската програма, односно на студиските програми од прв циклус што ги организира конкретниот институт на првиот циклус студии) и вработените наставници на институтот за учебната 2020/21година е прикажан во Табела 4.

Табела 4. Сооднос наставник – студент според бројот на активни студенти за учебната 2020/21 и на вработени наставници по институтите

| Институт | Вкупен број на запишани студенти на институтот од I до IV година (учебна 2020/21 година) | Број на вработени наставници на институтот | Сооднос наставник – студент според активни студенти и вработени наставници по институти |
|---|---|---|---|
| Филозофија | 50 | 8 | 1: 6,25 |
| Педагогија | 194 | 11 | 1:17,64 |
| Историја | 130 | 10 | 1:13,00 |
| Историја на уметноста и археологија | 94 | 10 | 1:9,40 |
| Класични студии | 7 | 6 | 1:1,17 |
| Психологија | 550 | 11[9] | 1:50,00 |
| Социологија | 93 | 8[10] | 1:11,62 |
| Безбедност, одбрана и мир | 325 | 13 | 1:25,00 |
| Социјална работа и социјална политика | 243 | 8 | 1:30,37 |
| Специјална едукација и рехабилитација | 289 | 9 | 1:32,11 |
| Родови студии | 67 | 4 | 1:16,75 |
| Семејни студии | 147 | 3 | 1:49,00[11] |

Сепак, со оглед на фактот што на некои од институтите се реализираат повеќе од една студиска програма, и што во нивната реализација, освен наставниците вработени на институтот што ја организира студиската програма, се вклучени и наставници од другите институти на Филозофскиот факултет, како и од други факултети и научни институции, за добивање пореална слика за овој аспект од дејноста на Факултетот, потребно е да се земе предвид соодносот наставник – студент на секоја студиска

[9] Без наставникот чие работно место е во мирување.

[10] Без наставникот чие работно место е во мирување.

[11] Како што покажува насловот на табелата, овој број е добиен како количник од вкупниот број активни студенти на Институтот за семејни студии во учебната 2020/21 година и бројот на вработени наставници на Институтот. Сепак, во студиската програма на Институтот за семејни студии, најголемиот број наставници реализатори (27) се вработени на другите институти на Филозофскиот факултет, а само 3 се вработени на Институтот за семејни студии, така што и тој податок треба да се има предвид при споредбата на соодносот наставник – студент по институти. Деталниот преглед на бројот и структурата на реализаторите на секоја студиска програма по институти и по циклуси на студии е даден во прилог 4. кон овој извештај, а во табелата 4а. во главниот текст е претставен соодносот наставник – студент на секоја студиска програма за учебната 2020/21 според бројот на активните студенти и вкупниот број реализатори на студиската програма.

програма. Така, во табелата 4а. е претставен соодносот наставник – студент за студиските програми од прв циклус, пресметан како количник од вкупниот број активни студенти на определена студиска програма во учебната 2020/21 година и вкупниот број наставници-реализатори на таа програма (според последната акредитација).

Табела 4а. Сооднос наставник – студент според бројот на активни студенти за учебната 2020/21 година и на реализатори на студиските програми (според последната акредитација)

| **Институт** | **Назив на студиската програма** | **Вкупен број на запишани студенти од I до IV година (учебна 2020/21)** | **Број на наставници-реализатори на студиската програма** | **Соодност наставник - студент според активни студенти и реализатори на студиските програми** |
|---|---|---|---|---|
| Филозофија | Филозофија | 50 | 21 | 1:2,38 |
| Педагогија | Педагогија | 178 | 17 | 1:10,47 |
| | Андрагогија | 16 | 19 | 1: 0,84 |
| Историја | Историја | 103 | 13 | 1:7,92 |
| | Историја со архивистика | 27 | 12 | 1:2,25 |
| Историја на уметноста и археологија | Историја на уметноста | 36 | 21 | 1:1,71 |
| | Археологија | 58 | 22 | 1:2,64 |
| Класични студии | Класична филологија со антички студии или византологија [12] | 6 | 13 | 1:0,46 |
| Психологија | Психологија | 550 | 18 | 1:30,55 |
| Социологија | Социологија | 93 | 15 | 1:6,20 |
| Безбедност, одбрана и мир | Безбедност, одбрана и мир | 278 | 19 | 1:14,63 |
| | Приватна и корпоративна безбедност | 47 | 18 | 1:2,61 |
| Социјална работа и социјална политика | Социјална работа и социјална политика | 243 | 14 | 1:17,36 |

[12] Поради минималниот број студенти (1) на другите програми на Институтот на класични студии (Старогрчки јазик и античка книжевност и Латински јазик и античка книжевност), во табелата е земена предвид единствено програмата по Класична филологија.

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Специјална едукација и рехабилитација | Специјална едукација и рехабилитација | 289 | 20 | 1:14,45 |
| Родови студии | Родови студии | 67 | 21 | 1:3,19 |
| Семејни студии | Семејни студии | 147 | 31 | 1:4,74 |
| Интер-дисциплинарна програма | Меѓународни и интеркултурни студии | 35 | 26 | 1:1,34 |

Како што може да се забележи од табелите 4 и 4а, меѓу различните институти, односно студиски програми, постојат големи разлики во соодносот наставник – студент за учебната 2020/21 година.

Така, гледано по институти, тој соднос се движи во распон од 1:1,16 на Институтот за класични студии, до 1:50 на Институтот за психологија. Тој факт може да се констатира за целиот период кој е предмет на самоевалуацијата, како што може да се види од табелата во прилог 5 кон овој извештај, во која е прикажан соодносот наставник – студент за секој институт за секоја учебна година од 2016/17 до 2020/21.

Гледано по студиски програми, овој соднос (за учебната 2020/21 година) варира во распон од 1:0,46 на студиската програма по Класична филологија со антички студии или византологија, до 1:30,55 на студиската програма за Психологија.

Сепак, при квантитативното изразување на соодносот наставник – студент, потребно е да се земе предвид и специфичната структура на Филозофскиот факултет, во чии рамки наставниците од секој институт, освен на матичниот, се ангажирани и во реализацијата на студиските програми и на другите институти, па и на други факултети во рамки на УКИМ. Така, доколку соодносот наставник – студент се согледа преку оптовареноста на наставникот во работата со студентите на сите студиски програми на кои е ангажиран во текот на еден семестар, односно на една учебна година, тогаш се добива значително повисока бројка на студенти по еден наставник. Со цел да се добие поконкретна претстава за овој тип оптовареност, во рамки на прашалникот за самоевалуација упатен до наставниците беше вклучено и прашањето за бројот на студенти запишани кај секој наставник во текот на зимскиот семестар 2020/21 година. Резултатите од добиените одговори на ова прашање се сумирани во табелата 5.

Табела 5. Просечен број запишани студенти (од сите студиски програми) по наставник од институтот во зимскиот семестар на учебната 2020/21 година

| Институт | Просечен број запишани студенти (од сите студиски програми) по наставник (зимски семестар 2020/21) |
|---|---|
| Филозофија | 31,62 |
| Педагогија | 113,8 |
| Историја | 46,00 |
| Историја на уметноста и археологија | 15,00 |
| Класични студии | 22,60 |
| Психологија | 252,00 |
| Социологија | 64,00 |
| Безбедност, одбрана и мир | 104,00 |
| Социјална работа и социјална политика | 174,00 |

| | |
|---|---|
| Специјална едукација и рехабилитација | 170,00 |
| Родови студии | 139,00 |
| Семејни студии | 73,00 |

Резултатите од анкетата покажуваат дека доколку се земе предвид ангажманот на наставниците на различни студиски програми на кои предаваат, просечниот број студенти со кои работел еден наставник на Филозофскиот факултет во текот на семестарот би се движел околу 100, но повторно со големи варијации од еден до друг Институт - односно, од распон од 1:15 на Институтот за историја на уметноста и археологија до 1:252 на Институтот за психологија. Секако, овие бројки имаат ориентациски карактер и служат само како општи показатели за овој аспект од дејноста на наставниците на Факултетот.

б) Годишен фонд часови

Оптовареноста на наставниот кадар може да се согледа и преку податоците за годишниот фонд на часови по наставник (според прегледите на ангажираност). Во табелата 6 е прикажан просечниот годишен фонд на часови на наставниците од институтите за учебната 2020/21.

Табела 6. Просечен годишен фонд часови за учебната 2020/21

| Институт | Просечен годишен фонд часови на наставниците (просек од неделниот фонд од летниот и од зимскиот семестар) за учебната 2020/21 |
|---|---|
| Филозофија | 14,31 |
| Педагогија | 15,50 |
| Историја | 13,70 |
| Историја на уметноста и археологија | 16,85 |
| Класични студии | 10,33 |
| Психологија | 14,40 |
| Социологија | 16,50 |
| Безбедност, одбрана и мир | 16,00 |
| Социјална работа и социјална политика | 16,43 |
| Специјална едукација и рехабилитација | 14,61 |
| Родови студии | 17,12 |
| Семејни студии | 14,66 |

Како што може да се види од табелата, на сите институти оптовареноста со часови е далеку над законскиот минимум. Со оглед на тоа дека во табелата е претставена просечната вредност, индивидуалната оптовареност на некои наставници со број на неделни часови е значително повисока од прикажаните бројки. Во следната табела е прикажана оптовареноста со часови по институти за секоја учебна година во периодот од 2016/17 до 2020/21 година, како од аспект на вкупниот број неделни часови по наставник во зимскиот и во летниот семестар, така и од просекот од неделни часови од летниот и од зимскиот семестар.

Табела 7. Просечен годишен фонд часови по учебни години (2016/17 – 2020/21)

| Назив на студиската програма | година | Просечен годишен фонд на часови (вкупно зимски и летен семестар)[13] | Просечен неделен фонд на часови (просек од летниот и од зимскиот семестар)[14] |
|---|---|---|---|
| Филозофија | 2016/17 | 21,00 | 10,50 |
| | 2017/18 | 24,25 | 12,12 |
| | 2018/19 | 26,44 | 13,22 |
| | 2019/20 | 31,12 | 15,56 |
| | 2020/21 | 28,62 | 14,31 |
| Педагогија | 2016/17 | 23,50 | 11,75 |
| | 2017/18 | 22,58 | 11,29 |
| | 2018/19 | 29,00 | 14,50 |
| | 2019/20 | 29,66 | 14,83 |
| | 2020/21 | 31,00 | 15,50 |
| Историја | 2016/17 | 27,80 | 13,90 |
| | 2017/18 | 25,09 | 12,54 |
| | 2018/19 | 30,40 | 15,20 |
| | 2019/20 | 26,10 | 13,05 |
| | 2020/21 | 27,40 | 13,70 |
| Историја на уметност и археологија | 2016/17 | 29,70 | 14,88 |
| | 2017/18 | 27,40 | 13,70 |
| | 2018/19 | 30,50 | 15,25 |
| | 2019/20 | 32,80 | 16,40 |
| | 2020/21 | 33,70 | 16,85 |

[13] Вкупен неделен фонд на часови на годишно ниво (зимски и летен семестар)/ вкупен број вработени наставници на институтот кои учествуваат во реализацијата на студиската програма (се добива просечен годишен фонд на часови).

[14] За да се добие просечен неделен фонд на часови, просечниот годишен фонд на часови се дели со 2.

| | | | |
|---|---|---|---|
| Класични студии | 2016/17 | 21,57 | 10,78 |
| | 2017/18 | 23,71 | 11,85 |
| | 2018/19 | 28,50 | 14,25 |
| | 2019/20 | 25,00 | 12,50 |
| | 2020/21 | 20,66 | 10,33 |
| Психологија | 2016/17 | 23,69 | 11,84 |
| | 2017/18 | 24,23 | 12,11 |
| | 2018/19 | 26,00 | 13,00 |
| | 2019/20 | 28,72 | 14,36 |
| | 2020/21 | 28,80 | 14,40 |
| Социологија | 2016/17 | 21,30 | 10,65 |
| | 2017/18 | 23,90 | 11,95 |
| | 2018/19 | 35,33 | 17,66 |
| | 2019/20 | 30,12 | 15,06 |
| | 2020/21 | 33,00 | 16,50 |
| Безбедност, одбрана и мир | 2016/17 | 22,07 | 11,03 |
| | 2017/18 | 24,50 | 12,25 |
| | 2018/19 | 29,85 | 14,92 |
| | 2019/20 | 30,64 | 15,32 |
| | 2020/21 | 32,00 | 16,00 |
| Социјална работа и соц. политика | 2016/17 | 28,11 | 14,05 |
| | 2017/18 | 27,66 | 13,83 |
| | 2018/19 | 29,77 | 14,88 |
| | 2019/20 | 31,11 | 15,55 |
| | 2020/21 | 32,87 | 16,43 |
| Специјална едукација и рехабилитација | 2016/17 | 38,55 | 19,27 |
| | 2017/18 | 24,44 | 12,22 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | 2018/19 | 32,11 | 16,05 |
| | 2019/20 | 31,66 | 15,83 |
| | 2020/21 | 29,22 | 14,61 |
| Родови студии | 2016/17 | 21,50 | 10,75 |
| | 2017/18 | 22,50 | 11,25 |
| | 2018/19 | 30,50 | 15,25 |
| | 2019/20 | 33,00 | 16,50 |
| | 2020/21 | 34,25 | 17,12 |
| Семејни студии | 2016/17 | 10,00 | 5,00 |
| | 2017/18 | 20,50 | 10,25 |
| | 2018/19 | 16,33 | 8,16 |
| | 2019/20 | 23,00 | 11,50 |
| | 2020/21 | 29,33 | 14,66 |

Како што може да се види од податоците во табелата, речиси на сите институти оптовареноста изразена преку фондот на часови е поголема во 2020/21 отколку во 2016/17 година (освен на институтите на Класични студии и за Историја, каде што е на речиси идентично ниво, и на Институтот за специјална едукација и рехабилитација, каде што има мало опаѓање на просечниот број неделни часови).

Една од причините за ваквата тенденција, е секако, намалувањето на бројот на активниот наставен кадар на голем дел од институтите, поради пензионирање на наставниците, престанок на работниот однос или мирување на работното место поради подолотрајно отсуство.

### 4.3. Покриеност на предметите со наставници

Еден од значајните индикатори на состојбата со наставно-научниот и соработничкиот кадар во одвивањето на наставно-научната дејност на Факултетот е покриеноста на наставните предмети со наставници. Во поглед на ова прашање, во периодот од 2016/17 до 2020/21 година, според извештаите од поткомисиите, може да се забележи различна состојба како на институтите, односно на студиските програми што тие ги организираат, така и на циклусите студии што тие ги организираат. Така, кај четири институти – институтите за Социологија, Социјална работа и социјална политика, Специјална едукација и рехабилитација и Родови студии, сите предмети се покриени со наставници за сите циклуси студии (на Институтот за родови студии нема студии од трет циклус).

На првиот циклус студии, повеќе од 2 предмета се непокриени со наставници на институтите за Психологија, за Семејни студии, за Безбедност, одбрана и мир (студиска

програма по Безбедност, одбрана и мир), за Класични студии (на студиските програми за Класична филологија со антички студии или византологија, Старогрчки јазик и античка книжевност со македонски јазик или со француски јазични студии или со француски книжевно-културолошки студии, Латински јазик и античка книжевност со македонски јазик или со француски јазични студии или со француски книжевно-културолошки студии, според последната акредитација од 2018/19 година). Непокриеност на 1 до 2 предмети на првиот циклус се јавува на институтите за Филозофија, Педагогија (студиска програма по Педагогија) Историја (на студиската програма Историја со архивистика), Историја на уметноста и археологија (студиска програма по Историја на уметноста), за Безбедност, одбрана и мир (на студиската програма по Корпоративна безбедност и безбедносен менаџмент) и за Класични студии (на студиските програми за Класична филологија со антички студии или византологија, Старогрчки јазик и античка книжевност со македонски јазик или со француски јазични студии или со француски книжевно-културолошки студии, Латински јазик и античка книжевност со македонски јазик или со француски јазични студии или со француски книжевно-културолошки студии, според акредититацијата од учебната 2013/14 година).

На вториот циклус студии, непокриеност на повеќе од 2 предмета се јавува на Институтот за психологија и на Институтот за класични студии (на програмите по Класична филологија со византологија, Античка книжевност и византологија и Класични јазици и микенологија). На овој циклус, непокриеност на 1 до 2 предмета со наставници се јавува на студиската програма по Корпоративна безбедност и безбедносен менаџмент.

На третиот циклус студии, непокриеност на повеќе од 2 предмета со наставници се среќава на Институтот за класични студии, на програмата од третиот циклус по Класична филологија/Класична и микенска филологија (акредитирана во 2015/16 година), а непокриеност на 1 до 2 предмети со наставници се јавува на Институтот за филозофија, на студиската програма по Филозофија.

Непокриеноста на определени предмети со наставници, особено на првиот циклус студии, се одразува и во бројот на испити што се реализираат комисиски поради немање предметен наставник (пензионирање на дотогашниот наставник, потреба од ангажирање на стручно лице од практика, итн.)

Така, според податоците од поткомисиите, во периодот од 2016/17 до 2020/21 вкупно 202 испити на прв циклус биле реализирани комисиски по оваа основа, според следната дистрибуција по институти: Историја – 78, Археологија – 31, Филозофија – 30, Социологија – 16, Семејни студии – 10, Психологија – 9, Безбедност, одбрана и мир и Родови студии – по 5, Педагогија – 6, и Социјална работа и социјална политика, Специјална едукација и рехабилитација и Историја на уметноста – по 4. Во истиот период, имало и вкупно 34 комисиски реализирани испити поради привремено отсуство на предметен наставник (породилно отсуство, стручно усовршување, привремена спреченост итн.), и тоа на институтите за Социологија (16), Семејни студии (11), Психологија (5) и Педагогија (2).

### 4.4. Ангажирање на професори и соработници од други институции

Отвореноста на наставата кон интердисциплинарност и соработка со другите високообразовни институции во земјата и во странство, придонесува за ангажирање на

професори од другите факултети на УКИМ, како и од други универзитети во земјата и во странство во студиите на сите три циклуси на Филозофскиот факултет.

Така, во периодот од последните пет учебни години (2016/17 – 2020/21) на сите циклуси студии биле остварени вкупно 128 поединечни ангажмани на професори од другите факултети на УКИМ. Од нив, 112 ангажмани биле реализирани на првиот циклус студии, според следнава дистрибуција по институти: Безбедност, одбрана и мир – 29; Специјална едукација и рехабилитација – 26; Психологија – 24; Семејни студии – 12; Педагогија 7; Историја – 6; Историја на уметноста и археологија – 5; Филозофија – 3. Според извештаите на поткомисиите на институтите за Класични студии, Социологија, Социјална работа и социјална политика и Родови студии, нема ангажирани професори од други факултети на УКИМ.

На студиските програми по институтите на вториот циклус студии реализирани се вкупно 16 ангажмани на професори од други факултети на УКИМ (на Институтот за историја, на вториот циклус студии се реализирани вкупно 13 ангажмани, на Институтот за специјална едукација и рехабилитација – 2, а на Институтот за родови студии – 1), додека на студиските програми од третиот циклус нема ангажирани професори од други универзитети од УКИМ.

Бројот на ангажмани на професори од другите Факултети на УКИМ по институти (за првиот и за вториот циклус) е нагледно прикажан на графиконот 10.




Графикон 10. Ангажмани на професори од УКИМ по институти

Во наведениот период во наставата на институтите повремено се ангажираат и професори од други универзитети во земјава; вкупниот број на овие ангажмани на првиот циклус изнесува 21 (на Институтот за класични студии, на првиот циклус студии (15), Безбедност, одбрана и мир (6), на вториот циклус 24 (Институт за класични студии – 22, Институт за родови студии – 2), а на третиот циклус – 12 (на Институтот за класични студии).

Што се однесува до ангажманот на професорите од странските универзитети, во наведениот период реализирани се 3 такви ангажмани – 2 на докторските студии по Психологија и 1 на докторските студии по Дефектологија.

Исто така, во наставата на сите институти на Факултетот (освен на институтите за Класични студии и за Социологија) за периодот од 2016/2017 до 2020/21 година година биле реализирани и 100 ангажмани на стручни лица од практиката од различен вид институции – основни и средни училишта, јавни научни установи, јавни здравствени установи, културни установи, институции на јавната администрација, граѓански организации итн., кои даваат значаен придонес во реализирањето на наставната дејност на факултетот, особено на вежбите. Имено, според податоците од поткомисиите, во периодот од 2016/17 до 2020/21 година, вежбите на вкупно 195 предмети биле изведувани од стручњаци од практиката (на Институтот за историја – 64 предмети; на Институтот за историја на уметноста и археологија – 45; на Институтот за педагогија – 37; на Институтот за специјална едукација и рехабилитација – 13; на Институтот за филозофија – 10; на Институтот за Безбедност, одбрана и мир – 9; на Институтот за родови студии – 8; Институтот за социјална работа и социјална политика – 4; на Институтот за семејни студии – 3, на Институтот за психологија – 2. Овие податоци нагледно се прикажани на графиконот 11.




Графикон 11. Број на предмети по институти за кои вежбите ги изведувале стручни лица од практиката

### 4.5. Изведување на вежбите – недостаток од соработнички кадар

Кога станува збор за изведувањето на вежбите како суштински дел од наставата, кој подразбира непосредна и систематска работа со студентите со цел нивно стручно оспособување како за теориските, така и за практичните аспекти од дисциплината што ја студираат, неопходно е да се напомене дека недостатокот на соработнички кадар особено негативно се одразува врз овој особено значаен сегмент од целокупната дејност на Факултетот.

Имено, во периодот од 2016/17 до 2020/21, поради ангажманот на само 2 асистента во учебните 2016/17 и 2017/18 година и 1 во учебната 2018/19 година, и на 5 демонстратори во учебната 2018/19, 11 – во учебната 2019/20, и 13 во учебната 2020/21,

изведувањето на вежбите по најголем број предмети во студиските програми исто така го преземаат наставниците. Така, во периодот на кој се однесува самоевалуацијата, само на 39 (1,15%) предмети на сите студиски програми во сите учебни години вежбите биле реализирани од страна на асистенти, а во реализацијата на вежбите по вкупно 66 (1,94%) предмети биле вклучени демонстратори; на останатите 3293 (96,91%) предмети вежбите биле реализирани од наставници во професорски звања.

Имајќи ја предвид неопходноста од што е можно поголем степен на индивидуализираност на работата со студентите во рамки на вежбите, и потребата од нивно делење на помали групи таму каде што тоа го бара природата на дисциплината, очигледно е дека недостатокот од соработнички кадар дополнително ја зголемува оптовареноста на наставниците со обврски од сегментот на наставната дејност. Ова се однесува особено на институтите со поголем број студенти, што негативно влијае врз можноста за нивно посветување поголемо внимание на научноистражувачката работа. Од друга страна, недостатокот на соработнички кадар значи дека отсуствува можноста за систематска грижа на развој на наставно-научниот подмладок преку постепено стекнување искуство и усовршување како во наставно-образовните аспекти на работата со студентите, така и во наставно-истражувачката работа во соработка со постарите професори и колеги од институцијата.

## 4.6. Ангажирање на професори од Филозофскиот факултет на други високообразовни институции

Соработката на Факултетот со други високообразовни институции се манифестира преку уште една исклучително значајна активност – ангажирањето на професори од Факултетот во наставата на други високообразовни институции во земјата и во странство, што сведочи за нивната препознаеност како реномирани стручњаци во своите области не само во рамки на нашата средина, туку и многу пошироко. Така, во периодот 2016/17 – 2020/21 година реализирани се вкупно 149 ангажмани на професори од Филозофскиот факултет во студиите на сите циклуси на други факултети при УКИМ (100 на првиот, 39 на вториот и 10 на третиот циклус студии). Од нив, на првиот циклус, од Институтот за педагогија се реализирани 30 ангажмани; од Институтот за психологија – 21; од Институтот за класични студии – 15; од Институтот за филозофија – 13; од Институтот за историја – 8; од Институтот за специјална едукација и рехабилитација – 7, од Институтот за историја на уметност и археологија – 5; од Институтот за социологија – 1.

Во истиот период, професорите од Филозофскиот факултет биле ангажирани во студиите на втор циклус на други факултети при УКИМ вкупно 39 пати, при што 15 од овие ангажмани се реализирани од професори од Институтот за филозофија, 10 од Институтот за психологија, 7 од Институтот за родови студии, 5 од Институтот за класични студии, и 2 од Институтот за безбедност, одбрана и мир.

На третиот циклус студии, реализирани се 10 ангажмани на наставата на други факултети при УКИМ, сите од професори на Институтот за филозофија.

Податоците за бројот на ангажманите на професорите од институтите на Филозофскиот факултет на други факултети при УКИМ, на сите циклуси, се нагледно прикажани на графиконот 12.




Графикон 12. Ангажмани на професори од институтите на Филозофскиот факултет на други факултети на УКИМ

Што се однесува до ангажманот на професорите од Филозофски факултет на други универзитети во земјата, во периодот 2016/17 – 2020/21 година реализиран е само еден ангажман на првиот циклус студии, од Институтот за родови студии (во учебната 2020/21 година). Сепак, во наведениот период регистриран е нешто поголем број ангажмани на професорите од Филозофски факултет во наставата на други универзитети во странство; така, реализирани се 14 ангажмани на професори од Институтот за социјална работа и социјална политика на студиите од прв циклус, и вкупно 16 ангажмани на студиите од втор циклус на универзитети во странство (6 од Институтот за безбедност, одбрана и мир и 10 од Институтот за социјална работа и социјална политика).

### 4.7. Резиме и споредба со претходната самоевалуација

Од анализата на податоците во врска со состојбата на наставно-научниот и соработничкиот кадар, може да се заклучи дека бројот на наставници и соработници е во континуирано опаѓање, а степенот на нивната оптовареност во постојан раст. На тоа укажуваат следните факти добиени со анализата:

- растот на бројот студенти по наставник;
- растот на годишниот фонд часови на најголем број од институтите;
- големиот број предмети по кои целата настава, вклучително и вежбите, ја изведуваат наставниците;
- бројот на ангажирани надворешни наставници и соработници;
- големиот број испити на прв циклус кои се изведуваат комисиски поради моментална непокриеност на предметот со предметен наставник.

Податокот за големата оптовареност е загрижувачки, а бил соодветно констатиран и во извештајот од претходната самоевалуација. Во него е укажано дека големиот фонд часови и други обврски поврзани со наставата апсорбира голем број

работни часови потребни за подготовка на часовите и извршување на наставните обврски, што ја намалува можноста за посветување на научноистражувачка работа и усовршување. Оваа констатација важи и за периодот што е предмет на оваа самоевалуација.

Како што беше и претходно укажано, во контекст на целокупниот дефицит на наставен кадар, особено е алармантна состојбата со недостаток на соработнички кадар, која е дополнително влошена во поглед на претходниот период (моментално нема ниту еден вработен асистент на Факултетот) и која има повеќекратни негативни ефекти за вкупната дејност на факултетот. Таа состојба, од една страна, го отежнува реализирањето на тековната наставна и научноистражувачка дејност на факултетот, особено на вежбите, кои бараат индивидуализирана работа и континуирано следење на напредувањето на секој студент поединечно. Од друга страна, имајќи го предвид фактот дека најголемиот број (речиси 74%) од вработените на Факултетот се редовни професори, односно, дека дел од нив се приближуваат до старосната граница на пензионирањето, недостатокот на асистенти за време на нивниот работен век значи ускратување на можноста тие да се ангажираат во континуирано изградување и систематско усовршување на помладиот наставно-научен и соработнички кадар, од соработнички до наставнички звања. Таквата состојба претставува сериозна закана по развојните перспективи на институцијата, и тоа во сите сегменти на нејзината дејност, како во краткорочна, така и во среднорочна и во долгорочна смисла.

Оваа ситуација дополнително се усложнува со ангажираноста на голем број професори од Филозофскиот факултет во наставата на други високообразовни институции – првенствено на другите факултети од УКИМ, но и на други универзитети во земјата и во странство. Барањето за ангажирање на професори од нашата институтиција на други универзитети значи, од една страна, потврда за препознатливоста на нивниот квалитет и важноста на дисциплините со кои тие се занимаваат. Тоа укажува на реномето на Филозофскиот факултет во поширокиот академски контекст и, во рамки на УКИМ, ја афирмира идејата за интердисиплинарноста и за интегрираната дејност на универзитетот. Од друга страна, пак, овој ангажман, особено доколку станува збор за групи со голем број студенти, дополнително ја зголемува нивната постојна оптовареност во матичната институција. Исто така, тој апсорбира значаен дел од времето за посветување на научноистражувачка работа и усовршување, што е исто така еден од параметрите по кои се оценува квалитетот на нивната работа, но и квалитетот на научноистражувачката дејност на Филозофскиот факултет.

Исто така, овој факт придонесува кон засилувањето на уште една тенденција на која укажуваат анализираните податоци – големите разлики во оптовареноста на наставниците, како индивидуално, така и од еден до друг институт, особено во поглед на бројот на студентите (од матичниот институт, но и од сите студиски програми и факултети) со кои тие работат во текот на еден семестар, односно една учебна година. Во таа смисла, потребно е осмислување на систематска стратегија за справување со оваа ситуација, со цел да се избалансира значењето и влијанието на неколку клучни фактори:

- напорите да се пружи можност на што поголем број студенти што ги исполнуваат критериумите за упис според предвидените квоти да ги задоволат своите образовни аспирации за студирање на некоја од студиските програми на Факултетот по свој избор;
- настојувањето да се излезе во пресрет на барањата и на другите единици од УКИМ и од други високообразовни установи за изучување на дисциплините за кои Филозофскиот факултет е матична институција;

- потребата да се обезбеди соодветна валоризација на зголемениот обем на трудот и вонредните обврски на наставниците што работат со голем број студенти и што имаат зголемен фонд на часови (особено поради големото побарување на нивните образовни услуги и/или намалувањето на наставниот кадар на нивните институти);
- потребата за одржување на реалистичен обем на оптовареноста со часови и на соодносот наставник – студент, кој овозможува да се оствари соодветен квалитет на наставно – образовната дејност, во смисла на можност за интеракција и посветување соодветно внимание на напредокот на секој студент, а што е компаративна предност на наставата на институтите со помал број студенти.

Оттаму, како едно од решенијата со кое голем дел од овие потреби би се задоволиле, се наметнува зголемувањето на бројот на наставно-научниот, а особено на соработничкиот кадар, што е еден од заклучоците од претходниот извештај за самоевалуација, кој, за жал, не е реализиран во изминатиот период. Според одговорот на прашалникот упатен до деканатот во рамки на процесот на самоевалуација, главниот фактор што го попречува реализирањето на оваа препорака (околу чија издржаност постои општ консензус во институцијата и која се однесува на потребата од зголемувањето на целокупниот кадар на Факултетот, во сите категории) е немањето кадровска автономија во поглед на новите вработувања. Имено, непостоењето на можноста единиците без согласност од Министерството за финансии да распишат оглас за вработување за испразнето работно место заради престанок на работен однос на вработеното лице, не само што го спречува натамошниот развој, туку и го уназадува веќе постигнатото ниво на дејноста на институцијата.

Во таа смисла, потребно е да продолжат напорите за системско решавање на оваа ситуација, а во меѓувреме да се изнајдат внатрешни механизми за валоризација на вонредниот придонес на преоптоварените наставници.

## 5. СПЕЦИФИКИ НА РЕАЛИЗИРАЊЕТО НА НАСТАВАТА ВО УСЛОВИ НА ПАНДЕМИЈА

Од март 2020 година па до денес сведоци сме на ситуација без преседан во досегашната историја на Факултетот – одвивањето на наставните, научноистражувачките активности и другите аспекти од дејноста на факултетот во услови на пандемијата Ковид 19. Оттаму, еден од сегментите на самоевалуацијата беше и оценката на степенот на успешноста на справувањето на Факултетот со оваа вонредна ситуација, особено во поглед на обезбедување на непречен тек на наставата и работата со студентите на сите три циклуси.

Во таа смисла, една од најзначајните новини беше преминувањето на голем дел од предметите во форма на целосна или делумна онлајн настава, како форма на одржување на континуитетот на наставниот процес во услови кога физичкото присуство е оневозможено, отежнато, или оценето како високо ризично од здравствен аспект. Оваа настава, вклучително и изведувањето на испитите, се одвиваше преку различни електронски платформи. Во рамки на дејноста на Факултетот, во рамки на програмата Еразмус +, уште во периодот пред пандемијата се работеше на развој на платформа за учење на далечина, меѓутоа новонастанатите околности во голема мера ги интензивираа овие активности.

Имено, уште на почетокот на пандемијата, во март 2020 година, од Деканатот беа испратени упатства за работа согласно одлуката на Владата за мерки и препораки за заштита и превенција од Ковид 19, кои вклучуваа информации и препораки за одржување на континуитетот на наставата преку форми на далечинско учење, користење на достапните платформи Зум (Zoom), Гугл (Google), Мудл (Moodle) итн., користење на базите на електронски ресурси на факултетот, обезбедување на електронска форма од учебната литература за студентите, итн. Информациите и препораките за модалитетите на одржување на наставата, како и за достапните електронски алатки и ресурси, беа периодично дополнувани, во зависност од развојот на епидемиолошката ситуација во согласност со релевантните документи донесени од страна на Владата и на Универзитетот. Овие активности кулминираа на почетокот на зимскиот семестар на учебната 2020/21 година, кога се преземаа систематски мерки за подготовка на наставниот персонал за одржување на онлајн настава, во форма на серија обуки за целиот наставен кадар за користење на платформите Мајкрософт Тимс (Microsoft Teams), Мудл и Квалтрикс (Qualtrics) како алатки за настава на далечина и за различни видови истражувања.

Во продолжение се сумирани мислењата на наставниците во поглед на различни аспекти од подготвеноста на Факултетот за ваков тип настава, за нејзино комбинирање со традиционалните форми на настава со физичко присуство, за проблемите со кои се соочија при нејзиното изведување и за можностите и начините за надминување на воочените проблеми.

### 5.1. Соодветност на спроведените обуки за користење на онлајн платформите

Од страна на наставниците на пет институти (Филозофија, Историја, Семејни студии, Социјална работа и социјална политика и Специјална едукација и рехабилитација) се оценува дека спроведените обуки за наставниот кадар за користење на електронските платформи биле во целост доволни за успешно одвивање на наставата и испитите во зимскиот семестар 2020/21 година. Кај наставниците од институтите за Безбедност, одбрана и мир, Историја на уметноста и археологија, Класични студии,

Педагогија, Психологија, Родови студии и Социологија преовладува мислењето дека овие обуки само делумно ги задоволиле потребите за подготовка на наставниците за успешно одвивање на настаните активности во текот на овој семестар. Доминантните мислења на наставниците од институтите во поглед на ова прашање се сумирани во табелата 8.

Табела 8. Соодветност на спроведените обуки за користење на онлајн платформите

| | Одговори | | |
|---|---|---|---|
| Институт | Во целост | Делумно | Воопшто не |
| Филозофија | | | |
| Педагогија | | | |
| Историја | | | |
| Историја на уметноста и археологија | | | |
| Класични студии | | | |
| Психологија | | | |
| Социологија | | | |
| Безбедност, одбрана и мир | | | |
| Социјална работа и социјална политика | | | |
| Специјална едукација и рехабилитација | | | |
| Родови студии | | | |
| Семејни студии | | | |

Во текстуалните коментари по ова прашање, содржани во прашалниците од институтите кои соодветноста на спроведените обуки ја oцениле како „делумна", е изразено мислењето дека обуките се одвивале на нивото на она што може да се најде во базичните туторијали за користење на електронските алатки, и дека нивната целосна успешност била попречена од отежнатата комуникација поради недостиг на современа техничка опрема.

## 5.2. Обезбеденост на електронски ресурси

Исто така, ситуацијата со пандемијата и ограничените можности за физичко присуство на студентите на Факултетот, како и на вработените во библиотеките, ја наметна потребата од зголемување на достапноста на електронските ресурси за професорите и за студентите (пристап до бази на податоци, литература за студентите во

електронска/скенирана форма, итн). На прашањето дали имале обезбедено доволно електронски ресурси (пристап до бази на податоци, литература за студентите во електронска/скенирана форма) од страна на Факултетот за успешно реализирање на онлајн наставата во зимскиот семестар 2020/21 година, наставниците од најголем број институти дале потврден одговор.

Така, на институтите, за Историја, за Педагогија, за Класични студии, за Безбедност, одбрана и мир и за Специјална едукација и рехабилитација обезбеденоста на електронски ресурси се оценува како во целост доволна за наставата на сите три циклуси во овој семестар. На институтитите за Социјална работа и социјална политика, за Родови студии и за Семејни студии искажано е идентично мислење, во поглед на циклусите на студии кои во моментот се организираат на овие институти (прв и втор циклус на Институтот за социјална работа и социјална политика и на Институтот за родови студии, само прв на Институтот за семејни студии). На Институтот за психологија, пак, преовладува мислењето дека електронските ресурси се во целост обезбедени само за првиот циклус, а за вториот и третиот – само делумно. Најпосле, наставниците од три институти на Факултетот доминантно сметат дека обезбедените електронски ресурси се само делумно доволни за одвивање на наставата во постојните околности, на сите три циклуси. Ваквата оценка се среќава на институтите за Социологија, за Историја на уметност и археологија и за Филозофија, со појаснување дека во постојните бази на податоци на кои е претплатен Факултетот може да се најде само мал дел од потребната литература за непречено одвивање на наставниот процес. Доминантните мислења на наставниците од институтите се сумирани во табелата 9.

Табела 9. Обезбеденост со електронски ресурси (зимски семестар 2020/21)

| Институт | Циклус на студии | Одговори | | |
|---|---|---|---|---|
| | | Во целост | Делумно | Воопшто не |
| Филозофија | I | | | |
| | II | | | |
| | III | | | |
| Педагогија | I | | | |
| | II | | | |
| | III | | | |
| Историја | I | | | |
| | II | | | |
| | III | | | |
| Историја на уметност и археологија | I | | | |
| | II | | | |
| | III | | | |
| Класични студии | I | | | |
| | II | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | III | | | |
| Психологија | I | | | |
| | II | | | |
| | III | | | |
| Социологија | I | | | |
| | II | | | |
| | III | | | |
| Безбедност, одбрана и мир | I | | | |
| | II | | | |
| | III | | | |
| Социјална работа и социјална политика | I | | | |
| | II | | | |
| Специјална едукација и рехабилитација | I | | | |
| | II | | | |
| | III | | | |
| Родови студии | I | | | |
| | II | | | |
| Семејни студии | I | | | |

## 5.3. Модалитети на изведување на наставата

Како што покажуваат извештаите од поткомисиите, постои хетерогеност на модалитетите на изведување на наставата во овој период, како во рамки на самите институти, така и меѓу институтите. На некои од студиските програми наставата во овој семестар била изведувана само на еден од наведените начини (најчесто само онлајн, поретко само на комбиниран начин), а на други паралелено се застапени два или сите три од наведените облици

Општо земено, најзастапен облик на настава е целосно држење предмети онлајн, која е реализирана на 12 студиски програми на прв циклус, на 18 студиски програми на втор и на 6 студиски програми на трет циклус. Предмети на комбиниран начин (дел онлајн, дел со физичко присуство) се држеле на 9 студиски програми од прв циклус, на 7 студиски програми од втор циклус, и на една студиска програма од трет циклус. Предмети само со физичко присуство, пак, во согласност со протоколите, се реализирале на 6 студиски програми од прв, на 3 студиски програми од втор и на една студиска програма од трет циклус.

### 5.4. Техничка и логистичка опременост за онлајн настава

Големата застапеност на онлајн наставата како начин на одржување на континуитетот на едукативниот процес во услови на пандемија и виталното значење на техничката и логистичката опременост на институтите за ваков вид настава, го наметна прашањето за актуелниот степен на овој вид опременост на Факултетот.

На ова прашање, на четири институти (Психологија, Безбедност, одбрана и мир, Специјална едукација и рехабилитација и Семејни студии) преовладува гледиштето дека наставниците од соодветниот институт имаат на располагање соодветни средства (компјутерска опрема, техничка поддршка, логистика) за изведување онлајн настава. Наставниците од останатите институти сметаат дека средствата со кои нивните институти располагаат се само делумно доволни за успешно изведување на онлајн наставата.

Прецизирајќи ги аспектите во кои постојната состојба со техничката опременост не задоволува, наставниците од шест институти кои за ова прашање се произнеле и преку текстуален коментар (Филозофија, Историја, Историја на уметноста и археологија, Класични студии, Социологија, Родови студии) укажуваат на следниве проблеми:

- недостаток на соодветна опрема за изведување на настава во постојните околности, како во квантитативна смисла (недоволен број лаптоп компјутери, така што наставниците се приморани да користат сопствена опрема за изведување на наставата), така и во смисла на техничките перформанси на постојната опрема (застарени и премногу бавни компјутери, компјутери без камери, звучници и микрофон);
- недостаток на дополнителна опрема, која е потребна поради спецификите на некои предмети (на пример, влезен уред за рачно пишување со дигитално пенкало кој ќе се поврзува со компјутер, со кој би можеле полесно да се пишуваат формули и други цртежи, итн.);
- недостаток на потрошен материјал за функционирање на постојната опрема;
- мал број лица на тимот за техничка поддршка, на кои наставниците би можеле да се обраќаат за помош во реализирањето на онлајн наставата.

### 5.5. Проблеми при изведувањето на онлајн наставата и испитите

Овие и други фактори создадоа определени проблеми во изведувањето на наставните активности во онлајн форма, како во поглед на предавањата и вежбите, така и во поглед на одржувањето на испитите. Во таа смисла, и покрај глобалното успешно справување со пандемиските околности на изведувањето на наставата, во извештаите од поткомисиите се нотирани и извесни проблеми што се јавија во овој процес, кои се сумирани и систематизирани во продолжение на Извештајот.

I. Од проблемите што се јавија при изведувањето на онлајн предавањата и вежбите за време на пандемијата Ковид 19, како позначајни, според мислењето на наставниците од различните институти, се издвојуваат следниве:

а) Технички проблеми поврзани со опремата од страна на Факултетот:

- недостаток на современа техничка опрема;
- слаба интернет врска со повремени прекини;
- недостаток од компјутер и камера да се изведува наставата од работното место;
- недостаток на преносни компјутери за да се изведува настава од домашни услови.

б) Технички проблеми поврзани со опремата од страна на студентите:

- неможност на дел од студентите да обезбедат соодветна опрема (компјутер, интернет, особено доволно стабилна и квалитетна врска).

в) Проблеми со електронската платформа:

- оптовареност на платформата;
- повремено прекинување на тонот и на сликата;
- неможност на студентите да се приклучат кон соодветната група и да се логираат, особено при вклучувањето на студенти од други факултети;
- истовремено започнување на повеќе онлајн средби;
- проблеми со внесување на оценки во системот;
- неможност за додавање во групите на студенти што подоцна се пријавиле (сепак, констатирано е дека тој проблем е надминат во текот на семестарот);
- непогодност на таблата на платформата на Мајкрософт Тимс е кога треба да се пишуваат посложени формули и задачи.

г) Проблеми со присуството на студентите:

- недоволно присуство на студентите на часовите (на оваа состојба е посебно посочено во прашалникот од поткомисијата на Институтот за педагогија); сепак, констатирано е дека, во определени случаи, тоа е оправдано со оглед на специфичните околности на пандемијата (проблеми со здравствената состојба на студентите или на членови на нивните семејства, зголемен работен ангажман кај вонредните студенти, итн.); во таа смисла, укажано е на потребата за наоѓање алтернативни начини да се одговори на нивните можности и потреби во оваа ситуација.

д) Проблеми во интеракцијата со студентите:

- невклучување на камерата од страна на голем број студенти за време на часовите;
- недостаток од контрола на реалното присуство на студентите, особено кога се работи со големи групи, поради можноста да се вклучат без активно да ја следат наставата и да учествуваат во неа;
- тешкотии во следењето на работата и процесот на усвојување на материјалот од страна на студентите поради фактот што мал број од нив се активно инволвирани во наставата;
- отежнатост на симултаното одвивање на активности во помали групи;
- невозможност да се следат реакциите на студентите за време на споделување на содржините од екранот;
- недостаток на фидбек од аудиториумот, што дополнително го зголемува чувството на емоционална исцрпеност од наставата;
- посебна отежнатост на одвивањето на вежбите, поради проблемите во интеракцијата и мотивацијата за учество на студентите.

Освен овие специфични тешкотии, искажани се и поединечни мислења од наставниците (на пример, во прашалникот од Институтот за психологија), дека, во општа смисла, онлајн наставата не обезбедува услови за еднакво квалитетна настава како наставата со физичко присуство, а посочено е и на тешкотиите предизвикани од периодот на застој при преминувањето од физичка на онлајн настава.

II. Од проблемите што се јавија при изведувањето на онлајн испитите за време на пандемијата Ковид 19, како позначајни, според мислењето на наставниците од различните институти се издвојуваат следниве:

а) Проблеми со техничката опрема од страна на Факултетот:

- недостаток на современа техничка опрема, исто како и кај предавањата.

б) Проблеми со техничката опременост и подготвеност на студентите:

- опременост на дел од студентите единствено со мобилни уреди без функционални камери или функционални микрофони;
- повремен прекин на интернет конекциите или прекин на доводот на електрична енергија во закажан термин за испит;
- неснаоѓање на дел од студентите студентите како да се приклучат на колоквиум во ограничен временски рок.

в) Проблеми со платформите:

- неколкукратно менување на платформите, ускратена можност за работа на веќе познати платформи (на пример, exam.net) и потреба од посветување дополнително време за учење на новите алатки;
- проблеми при креирањето на тестовите, комплексност на платформите за чие проучување во функција на изработка на тестовите се вложуваат голем број работни часови;
- недоволна функционалност на алатките за автоматско пресметување на освоените поени;
- неможност за целосна видео контрола на однесувањето на студентите за време на онлајн испитите, односно непостоење на гаранции дека нема да има препишување или меѓусебно консултурање преку користење електронски уреди;
- потреба од делење на студентите од поголемите групи во помали групи за испит и креирање повеќе тестови од ист предмет, поради неможноста од едновремена супервизија на поголемите групи;
- повремена нефункционалност на таблата на платформата Мајкрософт Тимс, што го отежнува реализирањето на делот од испитите поврзан со решавањето на задачите на таблата.

г) Проблеми со оценувањето:

- неможност од објективно оценување на резултатите од тестовите на студентите, поради недостаток од соодветна заштита од договарање и препишување во текот на проверката на знаењата;
- неизводливост на континуираното оценување по некои предмети само врз основа на тест-прашања, и невозможност за употреба на другите алатки за оценување на знаењето без соодветна снабденост на студентите со техничка опрема (камери, микрофони, задни камери, итн.).

### 5.6. Проблеми во изведувањето на наставата со физичко присуство во перидот на пандемијата

Поради фактот што дел од наставата и испитите во периодот на пандемијата се одвиваа со физичко присуство, во согласност со здравствените протоколи, евалуацијата на реализацијата на наставата во овој период ги опфати и прашањата за евентуалните тешкотии и проблеми со кои наставниците на Факултетот се соочиле при изведувањето на овој тип активности.

I. Во поглед на изведувањето на наставата со физичко присуство регистирани се главно два типа проблеми, кои ги посочиле наставници од четири институти на Факултетот – за Безбедност, одбрана и мир, за Специјална едукација и рехабилитација, за Социјална работа и социјална политика и за Социологија.

а) Проблеми со обезбедувањето на засилени санитарни мерки, неопходни во постојната состојба:

- недоволен број средства за дезинфекција и персонал од санитарно-техничката служба (хигиеничари);
- потреба од почеста дезинфекција на просторот, провертување од група до група;
- недостаток на соодветни простории (слушални) со можност за проветрување од две страни (како што е предавална бр 1 на ИБОМ).

Овие проблеми се посочени од Институтите за безбедност, одбрана и мир и за Специјална едукација и рехабилитација.

б) Проблеми со присуството на студентите од внатрешноста

- оневозможеност на студентите од внатрешноста кои, поради Ковид-кризата немаат сместување во градот и патуваат со автобус од други градови, да стигнат во предвидените термини на наставата со физичко присуство;
- притисок кон професорите за премин на онлајн настава (особено доколку се работи само за еден предмет што се реализира со физичко присуство).

Овие проблеми се посочени од институтите за Социјална работа и социјална политика и за Социологија.

II. Што се однесува до проблемите при изведување на испитите со физичко присуство (во согласност со здравствените протоколи) за време на пандемијата Ковид 19, тие се јавиле само на еден институт – Институтот за безбедност, одбрана и мир.

Според мислењето на наставниците од овој институт, слично како и во поглед на одвивањето на наставата со физичко присуство, проблем е недостатокот на средства за дезинфекција во предавалните. Според нив, потребно е на нивниот институт да се зголеми бројот на хигиеничари, бидејќи здравствените протоколи налагаат дезинфекција на просториите и чести проветрувања на просториите.

### 5.7. Резиме и препораки

Анализирајќи ја глобалната состојба со одвивањето на наставата во периодот на пандемијата Ковид 19, може да се заклучи дека наспроти сериозноста на предизвикот, справувањето со него беше, генерално, успешно. Имено, напорите на Факултетот, кои ги вклучуваа сите негови вработени, да се обезбеди непречено одвивање на наставно-образовниот процес вродија со плод и, после определен процес на реорганизација и

обука, наставните активности се реализираа според вообичаениот распоред и обем, со комбинирање на физичкото присуство и формите на далечинско учење. На тоа укажува и општата просечна оцена од студентската евалуација за квалитетот на наставата – 9,18, која не покажува позначајни отстапувања во споредба со одвивањето на наставата во вообичаени околности, што е, секако, резултат за поздравување.[15] Тој укажува на фактот дека еден од столбовите на дејноста на Факултетот – наставно-образовната дејност, остана неразнишан во текот на пандемијата и успешно го издржа нејзиниот притисок

Сепак, во тој процес се појавија и определени тешкотии поврзани како со објективните карактеристики на платформите и алатките за далечинско учење, така и со определени околности од техничка и организациска природа специфични за Факултетот.

Во таа смисла, би можеле да се дадат следните препораки за надминување на посочените слабости и тешкотии:

- да се зголеми бројот и квалитетот на техничката опрема со која располага Факултетот, со цел на секој наставник да му се обезбедат технички средства (лаптоп компјутери или таблети со потребните перформанси) за успешно и квалитетно реализирање на наставата, особено во нејзината онлајн варијанта;
- да се обезбеди стабилен и брз интернет, кој ќе овозможи непречено реализирање на наставните активности при учењето од далечина;
- да се надгради мобилната опрема со дополнителни уреди за кои има потреба според спецификите на наставните содржини што се предаваат со нејзина помош;
- континуирано да се обезбедува потрошен материјал за функционирање на постојната опрема;
- да се прошири тимот за техничка поддршка за да можат успешно и навремено да се решаваат техничките проблеми што се јавуваат при реализирањето на онлајн наставата, со цел да не се предизвикаат негативни последици по нејзиното одржување и квалитет;
- да се избегнува менувањето на платформите и алатките за онлајн настава;
- да се обезбедат повеќе обуки и електронски ресурси што им се на располагање на наставниците и на студентите;
- да се засилат средствата и начините на обезбедување увид во однесувањето на студентите за време на проверката на знаењата на онлајн испитите, со цел да се елиминира можноста од препишување, и да се зголеми валидноста и објективноста на оценувањето;
- да се анимираат студентите за активно учество во онлајн наставата;
- да им се помогне на студентите што немаат материјални можности да набават техничка опрема за учење на далечина;
- да се покаже флексибилност при решавањето на проблемите што произлегуваат од објективната спреченост на студентите да присуствуваат на наставата со физичко присуство поради вонредните околности на пандемијата (здравствени проблеми, престој вон главниот град, немање редовен превоз, итн.);
- да се зголеми бројот и достапноста на средства за дезинфекција и на персонал од санитарно-техничката служба при наставата и испитите со физичко присуство, као и да се води сметка за доследно почитување на здравствените протоколи при овој тип наставни активности.

[15] Повеќе за студентската анкета видете во делот 5.8.

## 5.8. Студентска анкета – студентска перцепција за квалитетот на наставата

Во рамки за процесот на самоевалуација, беше спроведена и редовната студентска анкета, чија цел е да ја идентификува студенстската перцепција за квалитетот на клучните аспекти на наставно-образовната дејност на Факултетот. Како што беше посочено во сегментот II. 4. од овој извештај, поради специфичните здравствени околности што го оневозможуваа анкетирањето со физичко присуство, но и земајќи ги предвид препораките од претходната комисија за самоевалуација за преминување кон форми на електронско анкетирањем како и на надворешните евалуатори на УКИМ за поинтензивно користење на можностите на системот Iknow, беше одлучено таа да се спроведе по електронски пат, со користење на овој систем при заверка на летниот семестар 2020/21 година. Во анкетата учество земале 1605 студенти, со вкупно одговорени 7875 анкетни ливчиња и 70583 поединечно одговорени прашања. Прашањата во анкетата беа формулирани според Моделот за студентска анкета од Упатството за самоевалуација и обезбедување и оценување на квалитетот на единиците на УКИМ од април 2013 година.

Имајќи ги предвид сите претходно посочени тешкотии и предизвици пред кои, поради објективни околности, беше исправено одржувањето на наставата во зимскиот семестар 2020/21, охрабрува фактот што генерално, со поединечни исклучоци, таа е оценета со висока позитивна оцена – 9,18, која не отстапува значително со онаа од претходните евалуации во кои наставата се одвиваше во нормални околности. Според извештаите на претходната Комисија за самоевалуација, просечната оцена во 2014/15 година изнесувала 9,18, во 2016/17 година – 9,16, и во 2018/19 година – 9,26. Трендот на движењето на глобалната просечна оцена на квалитетот на наставата за последните четири циклуси на самоевалуација е нагледно прикажан на графиконот 13.




Графикон 13. Просечни оцени од студентската евалуација во периодот 2014/15 – 2020/21 година

Како што може да се забележи, просечната оцена од овој семестар е нешто пониска од претходната учебна година, но за нијанса повисока од онаа во 2016/17 година, што, со оглед на вонредните околности на пандемијата во која се одвиваше наставата во семестарот што е предмет на евалуацијата, е мошне позитивен резултат. Сепак, како што ќе биде споменато и во понатамошната анализа, овие споредби треба да се земат со крајна внимателност и само во ориентациска смисла, поради променетата методологија

на анкетирање и неидентичноста на содржината на сите прашања од овогодишната анкета со онаа од претходните години, што ја оневозможува објективната и детална компарација на резултатите.

### 5.8.1. Оцена по прашања за одделни аспекти

Во следната табела се дадени збирните квантитативни показатели за студентската перцепција за аспектите на квалитетот на наставата (од сите наставници и соработници вклучени во неа, како оние од Филозофскиот факултет, така и ангажираните професори од надвор) содржани во анкетата.

Табела 10. Студентска перцепција на квалитетот на одделни аспекти на наставата

| Реден број | Прашање | Просечна оцена | Стандардно отстапување | Број на поединечни одговори |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Подготвеност за предавањата/вежбите | 9,22 | 1,30 | 7872 |
| 2 | Квалитет на изведување на наставата (начин на изложување на материјалот) | 9,11 | 1,36 | 7857 |
| 3 | Редовност на часовите и рационално искористување на времето | 9,30 | 1,23 | 7855 |
| 4 | Достапност за консултации и комуникација | 9,14 | 1,38 | 7850 |
| 5 | Однос кон студентот | 9,23 | 1,34 | 7843 |
| 6 | Обезбеденост на соодветен материјал за учење и полагање на предметот | 9,35 | 1,21 | 7841 |
| 7 | Усогласеност на вежбите со предавањата | 9,18 | 1,34 | 7834 |
| 8 | Корисност од изведените вежби | 9,02 | 1,45 | 7824 |
| 9 | Објективност при оценувањето и начин на реализирање на испитот | 9,04 | 1,44 | 7807 |
| | **Вкупно** | **9,18** | **1,35** | **70583** |

Како што може да се види од резултатите, највисоки просечни оценки добиле аспектите на обезбеденост на соодветен материјал за учење и полагање на предметот (9,35), како и односот кон студентот (9,23), додека најниско – корисноста од изведените вежби (9,02) и објективноста при оценувањето и начинот на реализирање на испитот (9,04).

Во следната табела е изложена споредбата на определени аспекти од претходните евалуации – оние за кои прашањата се поставени во идентична форма, односно ја овозможуваат компарацијата.

Табела 11. Споредба на некои од аспектите од претходните евалуации

| Прашање | Просечна оцена 2020/21 | Просечна оцена 2018/19 | Просечна оцена 2016/17 |
|---|---|---|---|
| Подготвеност за предавањата/вежбите | 9,22 | 9,20 | 9,13 |
| Квалитет на изведување на наставата (начин на изложување на материјалот) | 9,11 | 9,08 | 9,01 |
| Достапност за консултации и комуникација | 9,14 | 9,41 | 9,32 |
| Обезбеденост на соодветен материјал за учење и полагање на предметот | 9,35 | 9,30 | 9,20 |

Како што може да се види од табелата, во 2020/21 година се забележува благ пораст во подготвеноста, квалитетот и обезбеденоста на материјалот во поглед на претходните години, а благ пад во достапноста за консултации и комуникација (што може да се должи на ситуацијата со пандемијата Ковид 19).

### 5.8.2. Оцена по дејноста на вработените од институтите

Во табелата 12 се претставени просечните оцени што ја одразуваат студентската перцепција за квалитетот на наставата што ја реализирале (по сите предмети што ги предавале) наставниците вработени по институтите.

Табела 12. Студентска перцепција на квалитетот на наставата од наставниците вработени на институтите

| Институт | Просечна оцена | Стандардно отстапување | Број на поединечни одговори (вкупно за сите прашања) |
|---|---|---|---|
| Филозофија | 9,29 | 1,36 | 1721 |
| Педагогија | 9,08 | 1,44 | 7714 |
| Историја | 9,56 | 0,97 | 3767 |
| Историја на уметноста и археологија | 9,63 | 0,91 | 2169 |
| Класични студии | 9,60 | 1,07 | 234 |
| Психологија | 9,09 | 1,31 | 18073 |
| Социологија | 9,08 | 1,40 | 3827 |
| Безбедност, одбрана и мир | 9,08 | 1,40 | 8068 |
| Социјална работа и социјална политика | 9,42 | 1,15 | 8233 |
| Специјална едукација и рехабилитација | 8,92 | 1,59 | 9824 |
| Родови студии | 9,48 | 1,11 | 2780 |
| Семејни студии | 9,62 | 0,90 | 1521 |

Просечните оцени по одделни прашања за квалитетот на наставата од наставниците вработени на институтите се дадени во табела 13.

Табела 13. Просечни оцени по одделни прашања за квалитетот на наставата од наставниците по институти

| Институт | Просечна оцена по прашање* | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 |
| Филозофија | 9,34 | 9,27 | 9,32 | 9,01 | 9,43 | 9,30 | 9,37 | 9,26 | 9,33 |
| Педагогија | 9,07 | 9,00 | 9,14 | 9,10 | 9,19 | 9,25 | 9,09 | 8,94 | 8,94 |
| Историја | 9,59 | 9,53 | 9,64 | 9,59 | 9,59 | 9,60 | 9,55 | 9,44 | 9,49 |
| Историја на уметноста и археологија | 9,70 | 9,59 | 9,69 | 9,64 | 9,63 | 9,55 | 9,72 | 9,63 | 9,56 |
| Класични студии | 9,65 | 9,69 | 9,85 | 9,58 | 9,38 | 9,58 | 9,77 | 9,77 | 9,12 |
| Психологија | 9,10 | 8,94 | 9,22 | 9,07 | 9,23 | 9,28 | 9,10 | 8,90 | 8,97 |
| Социологија | 9,08 | 9,08 | 8,89 | 8,87 | 9,30 | 9,28 | 9,10 | 8,98 | 9.16 |
| Безбедност, одбрана и мир | 9,09 | 9,10 | 9,11 | 9,02 | 9,16 | 9,29 | 9,05 | 8,92 | 8,94 |
| Социјална работа и социјална политика | 9,48 | 9,45 | 9,52 | 9,28 | 9,45 | 9,58 | 9,42 | 9,38 | 9,20 |
| Специјална едукација и рехабилитација | 9,07 | 8,80 | 9,36 | 9,04 | 8,69 | 9,22 | 8,87 | 8,57 | 8,66 |
| Родови студии | 9,56 | 9,44 | 9,47 | 9,52 | 9,62 | 9,58 | 9,44 | 9,37 | 9,33 |
| Семејни студии | 9,60 | 9,61 | 9,67 | 9,65 | 9,59 | 9,71 | 9,75 | 9,60 | 9,39 |

* Целосна формулација на прашањето означено со соодветниот реден број:
1. Подготвеност за предавањата/вежбите
2. Квалитет на изведување на наставата (начин на изложување на материјалот)
3. Редовност на часовите и рационално искористување на времето
4. Достапност за консултации и комуникација
5. Однос кон студентот
6. Обезбеденост на соодветен материјал за учење и полагање на предметот
7. Усогласеност на вежбите со предавањата
8. Корисност од изведените вежби
9. Објективност при оценувањето и начин на реализирање на испитот

Во интерес на прегледноста, дополнителните информации (информациите за бројот на одговори и стандардното отстапување) во врска со перцепцијата на студентите за одделните аспекти на квалитетот на наставата изведена од наставниците на Филозофскиот факултет според институтите на кои се вработени, се дадени во табелите во прилог 6 кон извештајот.

Имајќи ја предвид големата разлика во бројот на студентите, односно на поединечните одговори врз основа на кои е правена проценката на аспектите на квалитетот на наставата од еден до друг институт, се наметнува потребата тие да се интерпретираат со крајна внимателност, односно да се сфатат само како показател за најопштите тенденции, а не и како валидна основа за реална евалуација на аспектите на наставата од еден до друг институт.

Имено, споредбата на добиените резултати укажува дека во глобална смисла, се задржува тенденцијата, воочена во извештаите од претходните евалуации, просечната

оцена да биде пониска токму кај оние институти кои се оценувани од поголем број студенти (иако не во сите случаи). Сепак, без дополнителни истражувања не може да се утврдат реалните причини за овој тренд. Како што е сугерирано во претходните извештаи, не е исклучено овој факт да се должи на скептичноста кај студентите кои одговараат во малубројни групи дека ќе останат анонимни. Меѓутоа, исто така, тој може да произлегува и од нивното објективно поголемо задоволство од наставата во мали групи, каде што има услови за обезбедување индивидуализиран пристап кон студентите, можност за реална интеракција и перманентно следење и поттикнување на нивното напредување во учењето. Таквите услови објективно се ускратени на институтите на кои има преоптовареност со студенти. На тој начин, било во одвивање на наставата со физичко присуство, било во форма на учење од далечина, за наставниците што работат со голем број студенти реално е мошне тешко (а, во некои случаи, и невозможно) да обезбедат индивидуализиран пристап кон студентите, подеднаков степен на интеракција со сите студенти, потребен степен на работна дисциплина на часовите, континуирано следење на напредокот на секој студент поединечно и оценување што ги зема предвид сите елементи на нивната работе во текот на семестарот. Ова го потврдуваат и некои од текстуалните коментари на студентите, кои ќе бидат анализирани подолу во текстот. Оттаму, се наметнува потребата активно да се работи на воедначување на условите на наставната дејност меѓу институтите, во смисла на порамномерна распределеност на оптовареноста на наставниот кадар, што би имало очекувани позитивни ефекти и врз поголемиот квалитет на наставата.

### 5.8.3. Студиските барања и присуството на студентите

Освен погоре споменатите девет прашања за оценување на квалитетот на наставата, во анкетата беа вклучени и две дополнителни прашања. Првото од нив се однесуваше на студентската перцепција за тежината на студиските барања што се поставуват во врска со испитот. Во врска со ова прашање, преовладува мислењето (60,35% од одговорите на студентите) дека барањата се соодветни. 14,48% од вкупниот број одговори овие барања ги категоризира како големи, 12,59% - како многу големи, 9,31% како просечни, 1, 80% како мали и 1,47% – како многу мали.
Овии податоци се нагледно прикажани на графиконот 14.




Графикон 14. Студентска перцепција на соодветноста на студиските барања

Второто од овие прашања се однесување на самоизвестувањето на студентите за нивното присуство на наставата во текот на семестарот. Во најголем дел од одговорите (68,25%) нивното присуство е класификувано во категоријата 100 – 80%; 17,43% од одговорите на студентите го сместуваат нивното присуство на наставата во категоријата 80 – 60%; 6,79% од одговорите сведочат за присуство меѓу 60 и 40 %, 3,22% – за присуство меѓу 40 и 20%, 1,59% – за присуство меѓу 20 и 10%, и 2,72% – за присуство меѓу 10 и 0 % на наставата. Овие податоци се нагледно прикажани на графиконот 15.




Графикон 15. Самоизвестување за присуството на наставата од страна на студентите

Овие податоци исто така треба да се земат предвид при интерпретацијата на резултатите од анкетата и оценувањето на нивната релијабилност, особено во корелација со генералната оцена на наставниците за присуството на студентите на наставата (онлајн и со физичко присуство) во текот на вонредните околности на зимскиот семестар на учебната 2020/21 година. Така, во поглед на првиот циклус студии, шест од институтите на Факултетот се изјасниле дека се во целост задоволни од присуството на студентите на наставата во текот на семестарот (Филозофија, Педагогија, Историја, Класични студии, Безбедност, одбрана и мир и Специјална едукација и рехабилитација), додека наставниците останатите институти (Историја на уметноста и археологија, Социологија, Социјална работа и социјална политика, Родови студии и Семејни студии и Психологија) одговориле дека се „делумно задоволни". Што се однесува до вториот и до третиот циклус, поради малиот број студенти, наставата на активните студиски програми се одвиваше главно по менторски принцип, а наставниците изразуваат целосно задоволство од присуството на студентите на овој вид настава, со исклучок на вториот циклус студии на Институтот за психологија, каде што 25% од наставниците присуството на студентите на наставата го оцениле како делумно задоволително и исто толкав процент го оцениле како незадоволително.

### 5.8.4. Квалитативен аспект на студентската перцепција – коментари на студентите за наставата

Според моделот за студенстка анкета кој беше користен за електронското анкетирање, во неа беше вклучена и можност за оставање текстуални коментари и

забелешки на студентите, во кои тие можеа да изнесат свои мислења за воочените позитивни и негативни аспекти на наставниот процес, како и препораки за подобрување на идентификуванте слабости. Во таа смисла, охрабрува податокот што во базата на податоци од електронското анкетирање се регистирани над 1350 текстуални коментари, како со позитивна, така и со критичка содржина. Овој факт, како и деталноста и прецизноста на некои од коментарите, упатуваат на заклучокот дека голем дел од студентите пристапиле сериозно кон процесот на анкетирање и споделиле значајни индивидуални искуства и увиди поврзани со наставниот процес. Тие се драгоцен матерјал за анализа и патоказ за насоката во која треба да се движат натамошните напори за подобрување на наставно-образовната дејност на факултетот. Генералниот впечаток е дека квалитатитвните коментари се компатибилни со квантитативно изразените оцени, односно дека главно се позитивни, но и дека укажуваат на определени слабости во одвивањето на наставната дејност што би требало да бидат коригирани.

Во рамки на овој извештај накусо ќе бидат сумирани главните типови констатации, забелешки и препораки екстрахирани од коментарите на студентите, но собраниот материјал од оваа анкета ќе послужи како основа и за натамошни анализи и соодветни активности во рамки на работата и надлежностите на Комисијата за самоевалуација.

1) Во поглед на позитивните аспекти посочени од страна на студентите, доминираат пофалните зборови за компетентноста, професионалноста, одговорноста, објективноста, коректниот однос кон студентите и постојаната достапност за консултации и комуникација, воочени кај најголем дел од наставниците на Факултетот, со ретки исклучоци.

Дел од позитивните коментари посочуваат некои од наставниците како вистински пример за професор/професорка, вбројувајќи ги меѓу најуспешните професори на целиот Универзитет. Притоа, студентите укажуваат на квалитетот на работата на позитивно оценетите професори не само во поглед на компетентноста и професионализмот во својата област и умешноста во пренесувањето на научните знаења, туку и од аспект на севкупната интерперсонална атмосфера што ја создаваат во работата со студентите, во смисла на мотивирање, поттикнување, инспирирање и ориентирање на студентите како за време на студирањето, така и во поглед на понатамошната професионална кариера. Кај одделни професори високо е оценет и самиот начин на изведување на онлајн наставата, посочен како модел за успешна настава на далечина, а во позитивните коментари посебно се укажува на високиот степен на посветеност на дел од професорите на изнаоѓање оптимален начин за пренесување на знаењата на студентите, како и на објективниот и правичен однос во оценувањето на резултатите од нивната работа и залагање.

2) Што се однесува до критички настроените коментари, во кои се посочува на определени слабости во одвивањето на наставно-научната дејност на Факултетот, може да се воочат неколку типа проблеми на кои укажуваат искажаните забелешки на студентите.

Така, во повеќе случаи се става забелешка на состојбата на учебниот материјал по одделни предмети, со препорака тој да е подобро организиран, осмислен и поврзан, прочистен од грешки од смисловна, техничка и јазична природа и подобро синхронизиран со содржината на предавањата.

Во поглед на редовноста на наставата, укажано е дека во текот на семестарот, во одредени случаи, не бил доследно одржуван предвидениот ритам на наставата, особено на вежбите, а во поединечни случаи е укажано на и менување на предвидениот термин на часовите и испитите во последен момент. Исто така, и од страна на студентите се посочени и определени слабости кај некои од професорите во ракувањето со алатките за

далечинска настава во наставата по определени предмети, недоволно рационално користење на предвиденото време за час, односно третирање на содржини што не се во функција на наставата и целите на часот, како и недоволен ангажман за подетално објаснување на материјалот од користените презентации и за обезбедување ефективна комуникација и интеракција со студентите. Некои студенти укажуваат и на потребата да се посвети поголемо внимание на аспектите на практична примена на стекнатите знаења.

Во поглед на оценувањето, дел од студентите сметаат дека критериумите на оценувањето по некои предмети не се воедначени, како меѓу студентите, така и меѓу категориите предмети (задолжителни и изборни), дека дополнителните активности на студентите понекогаш не се земаат предвид во доволна мера при оформувањето на конечната оцена, дека резултатите од некои испити и колоквиуми се објавуваат со задоцнување и без реална можност за увид, дека по некои предмети критериумите дури и за минимална оцена се превисоки (особено во соодност со содржините што се предадени за време на часовите), но дека има и други каде што прашањата се оценети како премногу лесни. Во врска со онлајн испитите и колоквиумите, постојат коментари според кои времето за решавање на предвидените прашања на некои колоквиуми и испити е оценето како недоволно, односно премногу кратко, и дека не се има доволно слух за објективните, технички проблеми со кои се соочуваат студентите при обидите за приклучување на сесиите на онлајн проверка на знаењата.

Во одделни случаи, укажано е и на недоволна достапност на некои од професорите за консултации и комуникација, како и на ригидниот однос кон студентите. Во поединечни коментари, студентите укажуваат и на потребата од поголема грижа за зачувување на нивната приватност, односно несподелување на информации поврзани со работата на часовите, или со други аспекти од професионалната интеракција, во јавниот електронски простор. Сепак, постојат и коментари во кои се посочува дека дел од овие проблеми се веќе надминати во директна комуникација со некои од наставниците.

Несомнено е дека дел од посочените проблеми можат да се припишат на објективните услови во кои се одвиваше наставата во услови на пандемија – на пример, проблемите со одржувањето на вежбите што бараат посета на определени институции вон Факултетот или побавното приспособување на дел од наставниците на многубројните технички и организациски предизвици што ги носи новиот облик на наставата во онлајн форма. Сепак, останува обврската за сериозно земање предвид на забелешките на студентите што имаат реална основа, а кои зависат од наставниците како носители на наставно-образовниот процес, и за коригирање на воочените слабости во натамошната работа.

### 5.8.5. Резиме и препораки

Со оглед на фактот дека во рамки на оваа самоевалуација за првпат беше спроведено електронско анкетирање на студените поврзано со процедурата на заверка на семестарот, се отвора можноста за воочување на компаративните предности и слабости на овој начин на спроведување на студентската евалуација со оној применуван во претходните циклуси на самоевалуација, со физичко присуство на анкетарите во текот на одвивањето на наставата во рамки на семестарот.

а) Потенцијални предности

Од една страна, овој начин овозможува систематски опфат на многу поголем број студенти и добивање поголем број одговори и коментари, што придонесува за поширок и подлабок увид во аспектите на наставата што се релевантни за самоевалуацијата. Електронското анкетирање, исто така, овозможува поголема анонимност во одговарањето и во огромна мера го олеснува и го рационализира самиот процес на

собирање на податоците и оформувањето на базата на податоци. На тој начин, благодарение на можностите на Excel програмата во која беше извршено организирањето и обработката на податоците, тие стануваат лесно достапни за третман и вкрстување според голем број различни параметри, што дава добра основа за изведување различен вид анализи.

б) Потенцијални слабости

Од друга страна, како една од слабостите на овој начин на анкетирање може да се посочи недостатокот на гаранција дека студентите што го изведуваат оценувањето реално ја следеле наставата, што ја проблематизира нивната квалификуваност како оценувачи, односно ја загрозува кредибилноста и релевантноста на добиените резултати. Овој проблем донекаде може да се ублажи со комбинирањето на одговорите на студентите на прашањето за нивното присуство на наставата при проценката на веродостојноста на нивното оценување на нејзините различни аспекти. Сепак, бидејќи се работи за самоизвестување, и тој податок не може да се земе независно од други, објективни показатели за степенот на нивното реално учество во наставата. Меѓутоа, ситуацијата во овој поглед станува уште посложена во услови на настава од далечина, во која, поради можноста за исклучување на камерите и микрофоните од страна на студентите за време на часовите, нема можност да се утврди дали студентите што електронски се регистрирани како присутни навистина ја следат наставата или се само пасивно вклучени во средбата.

Исто така, електронското собирање и ракување со податоците, и покрај сите преземени мерки и стандардизирани процедури за нивна заштита, сепак не ја исклучува теориската можност од пробивање на системот. Следствено, на тој аспект од овој начин на анкетирање мора да му се пристапи со крајна внимателност и почитување на заштитните механизми во сите фази на процесот на конституирање на базата на податоци и управувањето со неа.

Освен тоа, овој начин на анкетирање бара многу почесто и посеопфатно ажурирање на системот Iknow во поглед на податоците за професорите и предметите. Имено, со пензионирањето на дел од нив и прераспределувањето на некои од предметите меѓу другите наставници на институтите се јавуваат неусогласености меѓу имињата на носителите на предметите и реалните реализатори во текот на семестарот, што го компликува подоцнежното обработување на резултатите.

Покрај овие предизвици што се карактеристични за електронскиот начин на одвивање на анкетирањето, постојат и други проблематични аспекти на процедурата на студентската самоевалуација, кои се независни од формата во која таа се спроведува. Еден од нив е поврзан со спецификите на наставата на Филозофскиот факултет, која на некои предмети се одвива во мошне мали групи, а на други – во групи со голем број студенти. Така, кога групите се мошне мали, зачувувањето на анонимноста на студентските одговори е практично неостварливо, а статистичката релевантност на резултатите е проблематична. Големата различност на бројот на студенти меѓу институтите на Факултетот, пак, како што беше и претходно посочено, ја отежнува или оневозможува споредливоста на резултатите меѓу институтите.

Исто така, со оглед на фактот што на Универзитетот постои единствен модел за спроведување на студентската анкета се поставува прашањето дали истиот тип прашања може релевантно да се примени врз хетерогените дисциплини што се изучуваат во неговите рамки, или треба да се остави можност секоја единица во некоја мера да ги приспособи прашањата од анкетата на спецификите на сопствената наставно-образовна дејност. Освен тоа, некои од прашањата во постојната анкета би можеле да се преформулираат (на пример, прашањето за редовноста на часовите и за рационалното користење на времето, кое во себе обединува две прашања на кои одговорите може да

се разликуваат) и дополнително да се операционализираат (на пример, компонентите на категоријата „однос кон студентите“, итн.)

Имајќи ги предвид наведениве аспекти, може да се констатира следното:

- И понатаму останува отворено прашањето за наоѓање оптимален модел на студентската анкета кој ќе ги задоволи барањата на анонимноста, доволниот опфат и соодветната упатеност на студентите во аспектите на наставата што ги оценуваат, како и реалната основа за споредба на квалитетот на наставната дејност на наставниците по институти.
- Во меѓувреме, поради непостоењето на модел што ги задоволува сите наведени барања, потребно е резултатите од анкетата да се интерпретираат со крајна внимателност и да служат единствено како индикатор за определени тенденции во наставната дејност на Факултетот.
- Анализата на укажувањата од текстуалните коментари на студентите, особено на елементите што се повторуваат во поголем број коментари, може да послужи како добра основа за идентификување на сегментите на наставната дејност на Факултетот на чие подобрување треба да се посвети особено внимание.
- Останува релевантна и препораката констатирана во извештајот од претходната самоевалуација дека треба да се работи на систематско информирање на студентите за важноста на оваа анкета, како поради можноста преку неа да укажат на аспектите од наставата во поглед на кои има потреба од подобрување, така и поради последиците што таа ги има по професионалниот статус и напредување на наставниците.

## 6. СТУДЕНТИ

Централното место на студентот во рамки на наставно-образовниот процес на Факултетот дава посебна важност на аспектите на неговата дејност што се директно поврзани со студентите – имено, нивното интересирање на запишување на студиските програми на Филозофскиот факултет, успешното завршување на студиите, студентското организирање и активности, нивното учество во научно-истражувачките активности на Факултетот, како и учеството во органите на одлучување и креирањето на насоките на идниот развој на институцијата.

### 6.1. Запишување на студиите

#### 6.1.1. Прв циклус

Што се однесува до запишувањето на студентите на прв циклус, податоците за бројот на запишани студенти по студиски програми и по учебни години се прикажани во табела 14.

Табела 14. Број на запишани студенти на прв циклус по студиски програми и по учебни години

| Студиска програма на прв циклус | 2016/17 | 2017/18 | 2018/19 | 2019/20 | 2020/21 |
|---|---|---|---|---|---|
| Филозофија | 28 | 18 | 18 | 15 | 12 |
| Педагогија | 39 | 69 | 59 | 40 | 40 |
| Андрагогија | / | 3 | 2 | 11 | 7 |
| Историја | 40 | 33 | 28 | 18 | 19 |
| Историја со архивистика | 18 | 8 | 4 | 3 | 5 |
| Историја на уметност | 12 | 18 | 9 | 8 | 9 |
| Археологија | 22 | 19 | 15 | 3 | 14 |
| Класична филологија со антички студии/византологија | 9 | 1 | 1 | 1 | 1 |
| Старогрчки јазик и античка книжевност | / | / | / | / | / |
| Латински јазик и античка книжевност | / | / | / | / | / |
| Психологија | 110 | 140 | 130 | 100 | 86 |
| Социологија | 49 | 43 | 29 | 19 | 18 |
| Безбедност одбрана и мир | 61 | 56 | 47 | 74 | 49 |
| Приватна и корпоративна безбедност | / | 21 | 13 | 18 | 16 |
| Социјална работа и социјална политика | 63 | 100 | 89 | 55 | 48 |
| Специјална едукација и рехабилитација | 79 | 73 | 63 | 58 | 45 |
| Родови студии | / | 33 | 19 | 22 | 8 |
| Семејни студии | 87 | 49 | 44 | 33 | 26 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Меѓународни и интеркултуни студии | / | 11 | 9 | 11 | 11 |
| Вкупно по учебни години | 617 | 695 | 579 | 489 | 414 |
| Вкупно за периодот 2016/17/2020-21 | 2794 | | | | |

Како што може да се види од прикажаните податоци, во последните пет години, на првиот циклус студии се запишале вкупно 2794 студенти, при што постојат значителни разлики во бројот на запишани студенти меѓу институтите.

Квотите за упис на студентите за прв циклус по студиски програми (за учебната 2020/21) се прикажани во следната табела.

Табела 15. Квоти за упис на прв циклус

| Студиска програма на прв циклус | Квоти за упис (2020/21)[16] |
|---|---|
| Филозофија | 50 |
| Педагогија | 40 |
| Андрагогија | 40 |
| Историја | 45 |
| Историја со архивистика | 30 |
| Историја на уметност | 40 |
| Археологија | 40 |
| Класична филологија со антички студии/византологија | 25 |
| Старогрчки јазик и античка книжевност | 25 |
| Латински јазик и античка книжевност | 25 |
| Психологија | 80 |
| Социологија | 60 |
| Безбедност одбрана и мир | 60 |
| Приватна и корпоративна безбедност | 25 |
| Социјална работа и социјална политика | 60 |
| Специјална едукација и рехабилитација | 60 |
| Родови студии | 50 |
| Семејни студии | 60 |
| Меѓународни и интеркултуни студии | 25 |
| Вкупно | 840 |

Во последната учебна година – 2020/21, споредбата со предвидените квоти за упис покажува дека квотите се пополнети само на два института – Психологија и Педагогија.

Доколку се анализираат податоците за новозапишаните студенти по години, може да се забележи дека, со исклучок на учебната 2017/18 година, бројот на новозапишани студенти на првиот циклус бележи тренд на опаѓање, кој е нагледно претставен на следниот графикон.

[16] Наведените бројки важат и за учебните 2018/19 и 2019/20 година, и се однесуваат на квотите побарани од страна на Факултетот.




Графикон 16. Тренд на запишани студенти на прв циклус

Овој податок за константното опаѓање на бројот на новозапишани студенти е загрижувачки; иако за овој тренд можат да се посочат и некои објективни фактори, како што се, на пример, општите демографски трендови, особено генералното намалување на бројот на матурантите како и зголемувањето на конкуренцијата во високото образование, преку сè поголемиот број универзитети и факултети, сепак се потребни подетални анализи на причините за него, со цел да се воочат можностите за негово коригирање во оние аспекти што зависат од самиот Факултет.

### 6.1.2. Втор циклус

Во следните три табели се претставени квантитативните податоци за запишувањето на студентите на вториот циклус студии – на програмите со 60 кредити, на програмите со 120 кредити, како и вкупниот број новозапишани студенти на вториот циклус за периодот што е предмет на самоевалуација.

Табела 16. Број на запишани студенти на втор циклус по студиски програми и по учебни години – 60 кредити

| | 2016/17 | 2017/18 | 2018/19 | 2019/20 | 2020/21 |
|---|---|---|---|---|---|
| Филозофија | 1 | 1 | 5 | / | 1 |
| Педагошки науки | 9 | 3 | 5 | 1 | 7 |
| Менаџмент во образованието | 4 | 4 | 6 | 2 | 6 |
| Историја и архивистика | 9 | 6 | 9 | 3 | 4 |
| Историја на уметноста | 1 | 1 | 2 | / | 1 |
| Археологија | 4 | 1 | 4 | 2 | 6 |
| Класична филологија, византологија и микенологија | / | / | 1 | 2 | / |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Психологија | 4 | 5 | 5 | 3 | / |
| Социологија | 2 | / | 4 | 1 | 4 |
| Европски студии за интеграција | 7 | 1 | 4 | / | / |
| Безбедност | 9 | 7 | 5 | 2 | 1 |
| Корпоративна безбедност и безбедносен менаџмент | / | / | 1 | 4 | 3 |
| Социјална работа и социјална политика | 2 | 5 | 3 | 5 | 3 |
| Социјален менаџмент | / | 1 | / | / | / |
| Специјална едукација и рехабилитација | 6 | 7 | 14 | 11 | 22 |
| Малолетничка деликвенција | 4 | 4 | 3 | / | / |
| Специјалистички студии по социјална работа во здравството | 4 | / | 4 | / | / |
| Инклузивно образование | 2 | 1 | 2 | 1 | 2 |
| Родови студии | / | / | / | 1 | 1 |
| Интеркултурни студии | 2 | / | / | 1 | / |
| Интер-религиски студии | / | / | 3 | 1 | 1 |
| Меѓународни односи - Разрешување на конфликти, дипломатија и глобално управување | 8 | 4 | 5 | 1 | 2 |
| Менаџмент на човечки ресурси во општествените дејности | 13 | 7 | 7 | 8 | 9 |
| Мир – Мировните политики, Глобализација, Мирот и конфликтите | / | / | 1 | 1 | 1 |
| Стратегиски и одбранбени студии | 2 | / | 2 | 2 | / |
| Вкупно запишани студенти по учебни години (60 кредити) | 93 | 58 | 95 | 52 | 74 |

Табела 17. Број на запишани студенти на втор циклус по студиски програми по учебни години – 120 кредити

| | 2016/17 | 2017/18 | 2018/19 | 2019/20 | 2020/221 |
|---|---|---|---|---|---|
| Родови студии | / | / | 1 | / | / |
| Безбедност | 1 | 1 | / | 2 | / |
| Мир – Мировните политики, Глобализација, Мирот и конфликтите | / | / | / | 1 | / |
| Корпоративна безбедност и безбедносен менаџмент | / | / | 2 | / | 1 |
| Стратегиски и одбранбени студии | 1 | / | / | / | / |
| Менаџмент на човечки ресурси во општествените дејности | / | / | / | / | 1 |
| Интер-религиски судии | / | / | 4 | / | / |
| Психологија | 2 | 3 | / | / | / |
| Специјална едукација и рехабилитација | 1 | / | / | / | / |
| Меѓународни односи - Разрешување на конфликти, дипломатија и глобално управување | 1 | / | / | / | / |
| Вкупно запишани студенти по години 120 кредити | 6 | 4 | 7 | 3 | 2 |

Табела 18. Вкупно запишани студенти на втор циклус по учебни години

| Учебна година | 2016/17 | 2017/18 | 2018/19 | 2019/20 | 2021/21 |
|---|---|---|---|---|---|
| Број на запишани студенти по година | 99 | 62 | 102 | 55 | 76 |
| Вкупно запишани студенти за периодот 2016/17 – 2020/21 | 394 | | | | |

Табела 19. Квоти за упис на втор циклус студии (2020/21)

| Студиска програма | Квоти (2020/21)[17] |
|---|---|
| Студиски програми со 60 кредити | |
| Филозофија | 30 |
| Педагошки науки | 15 |
| Менаџмент во образованието | 20 |
| Историја и архивистика | 25 |
| Историја на уметноста | 25 |
| Археологија | 20 |
| Класична филологија, византологија и микенологија | 20 |
| Психологија | 30 |
| Социологија | 30 |
| Европски студии за интеграција | 30 |
| Безбедност | 40 |
| Корпоративна безбедност и безбедносен менаџмент | 20 |
| Социјална работа и социјална политика | 40 |
| Социјален менаџмент | 25 |
| Специјална едукација и рехабилитација – интелектуална попреченост и аутизам | 40 |
| Специјална едукација и рехабилитација – моторни нарушувања | 40 |
| Специјална едукација и рехабилитација – оштетувања на видот | 10 |
| Специјална едукација и рехабилитација – оштетувања на слухот | 40 |
| Специјална едукација и рехабилитација – специфични тешкотии во учењето | 40 |
| Инклузивно образование | 15 |
| Родови студии | 30 |
| Интеркултурни студии | 30 |
| Интер-религиски студии | 30 |
| Меѓународни односи - Разрешување на конфликти, дипломатија и глобално управување | 30 |
| Менаџмент на човечки ресурси во општествените дејности | 60 |
| Мир – Мировните политики, Глобализација, Мирот и конфликтите | 20 |
| Студиски програми со 120 кредити | |
| Родови студии | 30 |
| Безбедност | 40 |
| Мир – Мировните политики, Глобализација, Мирот и конфликтите | 20 |

[17] Наведените бројки важат и за учебната 2019/20 година, и се однесуваат на квотите побарани од страна на Факултетот.

| | |
|---|---|
| Корпоративна безбедност и безбедносен менаџмент | 20 |
| Стратегиски и одбранбени студии | 30 |
| Менаџмент на човечки ресурси во општествените дејности | 60 |
| Интер-религиски студии | 50 |
| Вкупно | 1005 |

Од анализата на квантитавните податоци може да се види дека во последните пет години на вториот циклус студии се запишале вкупно 394 студенти. Притоа, забележлив е фактот дека далеку е помал бројот на студенти запишани на студиските програми со 120 кредити – вкупно 22 за сите пет години, наспроти 372 студента на студиските програми со 60 кредити.

Исто така, споредбата на квотите предвидени за учебната 2020/21 година за секоја студиска програма со бројот студенти запишани на соодветната програма покажува дека на сите студиски програми квотите се далеку од исполнување, што исто така сведочи за генералното намалувањето на интересирањето за запишување на втор циклус студии во споредба со претходниот период (2011 – 2015 година – 910 студенти). Сепак, од друга страна, може да се заклучи дека на вториот циклус студии нема константен надолен тренд на бројот на запишани студенти, туку бројките варираат во зависност од годините, како што може да се види од графиконот во прилог.




Графикон 17. Тренд на запишани студенти на втор циклус студии

Бројот на новозапишани студенти во последната, 2020/21 година е помал од 2018/19 година, но сепак покажува раст во однос на претходната, 2019/20 година. Сепак, без дополнителни истражувања не може да се заклучи дали тој факт се должи на вообичаени варирања на интересирањата на студентите од една до друга година, на промена на трендовите на пазарот на трудот, или е резултат од преземените активности на Факултетот за поголема афирмација и претставување на понудата на студиски програми пред идните студенти.

### 6.1.3. Трет циклус

Во поглед студиите од трет циклус во периодот на кој се однесува самевалуација, може да се констатира дека на Филозофскиот факултет се запишале вкупно 55 докторанти. Нивната дистрибуција по студиски програми и по учебни години е прикажана во табела 20.

Табела 20. Број на запишани студенти на трет циклус по студиски програми и по учебни години

| | 2016/17 | 2017/18 | 2018/19 | 2019/20 | 2020/21 |
|---|---|---|---|---|---|
| Филозофија | 2 | / | / | / | / |
| Педагогија | 5 | / | / | / | 4 |
| Историски науки | / | / | / | / | / |
| Историја на уметноста и археологија | / | 3 | / | / | 3 |
| Социологија | 1 | / | / | 2 | 2 |
| Психологија | | 1 | 3 | 4 | |
| Безбедност, одбрана и мир | 3 | 1 | / | 3 | 1 |
| Дефектологија | / | 4 | / | 2 | / |
| Класична филологија | 2 | / | / | / | / |
| Социјална работа/социјална политика | / | 2 | / | / | / |
| Меѓународни односи и менаџирање на конфликти | / | 1 | 6 | / | / |
| Број запишани докторанти по учебна година | 13 | 12 | 9 | 11 | 10 |
| Вкупно | 55 | | | | |

Бројот на докторанти бил најголем во 2016/17, а најмал во 2018/19 година, Трендот на бројот на запишани докторанти нагледно е претставен на графиконот 18.




Графикон 18. Тренд на запишани студенти на трет циклус студии

### 6.2. Завршување на студиите

#### 6.2.1. Прв циклус

Што се однесува до бројот на завршени студенти, може да се констатира дека во периодот од 2016/17 до 2020/21 (заклучно со месец март 2021) на прв циклус дипломирале вкупно 1675 студенти. Дистрибуцијата на диплимираните студенти по студиски програми и по учебни години е прикажана во табелата во продолжение.

Табела 21. Број на дипломирани студенти на прв циклус по студиски програми и по учебни години

| Студиска програма на прв циклус | 2016/17 | 2017/18 | 2018/19 | 2019/20 | 2020/21 |
|---|---|---|---|---|---|
| Филозофија | 8 | 12 | 14 | 6 | 7 |
| Педагогија | 34 | 21 | 42 | 25 | 24 |
| Андрагогија | / | / | / | / | / |
| Историја | 18 | 27 | 24 | 23 | 21 |
| Историја со архивистика | 12 | 7 | 11 | 8 | 12 |
| Историја на уметност | 6 | 12 | 16 | 9 | 6 |
| Археологија | 10 | 11 | 4 | 8 | 6 |
| Класична филологија со антички студии/византологија | / | 1 | 1 | 4 | / |
| Старогрчки јазик и античка книжевност | / | / | / | / | / |
| Латински јазик и античка книжевност | / | / | / | / | / |
| Психологија | 53 | 71 | 75 | 70 | 42 |
| Социологија | 14 | 19 | 23 | 16 | 15 |
| Безбедност одбрана и мир | 40 | 56 | 49 | 52 | 55 |
| Приватна и корпоративна безбедност | / | / | / | / | / |
| Социјална работа и социјална политика | 60 | 52 | 54 | 47 | 46 |
| Специјална едукација и рехабилитација | 37 | 33 | 30 | 34 | 44 |
| Родови студии | 32 | 12 | 9 | 3 | 1 |
| Семејни студии | / | 0 | 28 | 20 | 33 |
| Меѓународни и интеркултуни студии | / | / | / | / | / |
| Вкупно по учебни години | 324 | 334 | 380 | 325 | 312 |
| Вкупно за периодот 2016/17/- 2020/21 | 1675 | | | | |

Како што може да се види од анализата на податоците, бројот на дипломирани студенти по учебна година расте од 2016/17 до 2018/19 година, а потоа постепено опаѓа. Тој тренд може да се согледа и од графиконот 19.




Графикон 19. Тренд на завршување на студиите на прв циклус

Сепак, со оглед дека во времето на пишување на извештајот сè уште е во тек учебната 2020/21 година, конечниот број дипломирани студенти во оваа учебна година се очекува да биде поголем од прикажаниот. Од прикажаните податоци, може да се види дека студиите на прв циклус годишно ги завршува солиден број студенти – во просек 335 студенти, при што најголем број дипломирани студенти има во 2018, а најмал – во 2020 година.

### 6.2.2. Втор циклус

Во периодот од 2016/17 до 2020/21 година, студиите од втор циклус ги имаат заршено вкупно 433 студенти. Дистрибуцијата на магистрираните студенти по студиски програми и по учебни години е прикажана во следните табели, одделно за студиските програми со 60 и оние со 120 кредити, како и за вкупниот број магистирани студенти.

Табела 22. Број на магистрирани студенти на втор циклус по студиски програми по учебни години – 60 кредити

| | 2016/17 | 2017/18 | 2018/19 | 2019/20 | 2020/21 |
|---|---|---|---|---|---|
| Филозофија | / | / | 4 | 1 | 3 |
| Педагошки науки | 1 | 5 | 4 | 2 | 3 |
| Менаџмент во образованието | 6 | 3 | 3 | 3 | 3 |
| Историја и архивистика | 4 | 4 | 6 | 7 | 9 |
| Историја на уметноста | 2 | 1 | 1 | / | / |
| Археологија | 3 | 2 | 7 | 6 | 1 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Класична филологија, византологија и микенологија | / | / | 1 | / | / |
| Психологија | 3 | 2 | 6 | 3 | 1 |
| Социологија | 1 | 1 | 2 | / | 1 |
| Европски студии за интеграција | 2 | 2 | 3 | 3 | / |
| Безбедност | 10 | 7 | 10 | 11 | 6 |
| Корпоративна безбедност и безбедносен менаџмент | / | / | / | / | / |
| Социјална работа и социјална политика | 8 | 4 | 6 | 5 | 4 |
| Социјален менаџмент | / | / | / | 1 | 1 |
| Специјална едукација и рехабилитација | 4 | 6 | 13 | 7 | 3 |
| Малолетничка деликвенција | 4 | 2 | 2 | 6 | 1 |
| Специјалистички студии по социјална работа во здравството | / | 1 | 1 | 4 | 1 |
| Инклузивно образование | / | 1 | 1 | / | / |
| Родови студии | / | / | / | / | 1 |
| Интеркултурни студии | / | 2 | 1 | 2 | / |
| Интер-религиски студии | / | / | / | / | 1 |
| Меѓународни односи - Разрешување на конфликти, дипломатија и глобално управување | 2 | 7 | 7 | 6 | 3 |
| Менаџмент на човечки ресурси | 18 | 8 | 19 | 14 | 11 |
| Мир - Мировните политики, Глобализација, Мирот и конфликтите | 4 | / | / | / | / |
| Стратегиски и одбранбени студии | 3 | / | 2 | 2 | / |
| Вкупно магистрирани по учебни години (60 кредити) | 75 | 58 | 99 | 83 | 53 |

Табела 23. Број на магистрирани студенти студенти на втор циклус по студиски програми по учебни години – 120 кредити

| | 2016/17 | 2017/18 | 2018/19 | 2019/20 | 2020/21 |
|---|---|---|---|---|---|
| Родови студии | / | / | / | / | / |
| Безбедност | 2 | 3 | 2 | 2 | / |
| Мир - Мировните политики, Глобализација, Мирот и конфликтите | / | / | 1 | / | / |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Корпоративна безбедност и безбедносен менаџмент | / | / | / | / | 1 |
| Стратегиски и одбранбени студии | / | / | / | / | / |
| Менаџмент на човечки ресурси во општествените дејности | / | / | 3 | / | / |
| Интер-религиски судии | / | / | / | / | / |
| Археологија | / | 1 | 1 | / | 1 |
| Филозофија | 3 | / | / | / | / |
| Историја на уметноста и археологија | 2 | / | / | / | / |
| Социјална работа и социјална политика | 2 | / | / | 2 | 1 |
| Специјална едукација и рехабилитација | 2 | / | 1 | 2 | / |
| Европски студии за интеграција | 3 | 1 | 3 | / | / |
| Класични студии | / | / | / | / | 1 |
| Менаџмент во образование | 3 | / | 4 | 2 | 2 |
| Социологија | / | / | / | 2 | 1 |
| Меѓународни односи | 1 | 1 | / | 2 | / |
| Психологија | 1 | 2 | 1 | 1 | 1 |
| Педагогија | / | 1 | / | / | / |
| Вкупно магистрирани по учебни години (120 кредити) | 19 | 9 | 16 | 13 | 8 |

Табела 24. Вкупен број магистрирани – 60 и 120 кредити

| Учебна година | 2016/17 | 2017/18 | 2018/19 | 2019/20 | 2021/21 |
|---|---|---|---|---|---|
| Број на магистрирани студенти по година | 94 | 67 | 115 | 96 | 61 |
| Вкупно магистрирани студенти (2016/17 – 2020/21) | 433 | | | | |

Динамиката на квантитативните показатели во поглед на завршувањето на студиите од втор циклус е прикажана на графиконот 20.




Графикон 20. Тренд на завршување на студиите од втор циклус

Од прикажаните податоци може да се заклучи дека во периодот на кој се однесува самоевалуацијата годишно магистрирале во просек 87 студенти, при што најголем број магистрирани има во 2018, а најмал – во 2020 година. Во глобала, бројот на магистирани студенти бележи тренд на опаѓање, особено воочлив во периодот 2018 – 2020 година. Сепак, со оглед дека во времето на пишување на извештајот сè уште е во тек учебната 2020/21 година, конечниот број дипломирани студенти во оваа учебна година се очекува да биде поголем од прикажаниот.

### 6.2.3. Трет циклус

Во периодот на кој се однесува самоевалуацијата, пријавени се вкупно 49 докторски дисертации, а одбрането се 24, што значи дека студиите од трет циклус ги имаат завршено вкупно 24 студенти. Дистрибуцијата на докторираните студенти по студиски програми и по учебни години е прикажана во следната табела:

Табела 25. Број на докторирани студенти на трет циклус по студиски програми и по учебни години

| | 2016/17 | 2017/18 | 2018/19 | 2019/20 | 2020/21 |
|---|---|---|---|---|---|
| Филозофија | / | / | / | 1 | / |
| Педагогија | 3 | / | / | 3 | / |
| Историски науки | / | 1 | / | / | / |
| Историја на уметноста и археологија | / | 1 | / | | 2 |
| Социологија | 1 | 1 | 2 | / | / |
| Психологија | / | / | 1 | / | / |
| Безбедност, одбрана и мир | 4 | / | / | / | / |
| Дефектологија | / | / | / | / | 1 |
| Класична филологија - класична и византиска | / | / | / | / | / |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| книжевност/ класична и микенска филологија | | | | | |
| Социјална работа/социјална политика | / | / | / | / | 1 |
| Меѓународни односи и менаџирање на конфликти | / | 1 | / | / | 1 |
| Број на докторирани студенти по година | 8 | 4 | 3 | 4 | 5 |
| Вкупно докторирани студенти (2012/17 – 2020/21) | 24 | | | | |

Од прикажаните податоци може да се заклучи дека во периодот на кој се однесува самоевалуација најголем број докторирани студенти има во 2016, а најмал – во 2018 година. Во глобала, бројот на докторирани студенти во учебната 2020/21 година (која сѐ уште е во тек) засега е помал отколку во учебната 2016/2017, но е во благ пораст во периодот од 2018/19 до 2020/21 година, како што покажува и следниот графикон:




Графикон 21. Тренд на завршување на студиите на трет циклус

### 6.3. Испишување на студентите

Покрај студентите што успешно го завршувааат своето студирање со исполнувањето на студиските барања на студиите на кои се запишани и се здобиваат со соодветна диплома, секоја година определен број студенти го напуштаат Факултетот од други причини. Како што може да се види од табела 26, во периодот од 2016 до 2020 година, вкупниот број испишани студенти е 735, што претставува 26,3% од вкупниот број новозапишани студенти (2794) во истиот период.

Табела 26. Испишување на студентите по години

| Година | Број на запишани студенти | Број на испишани студенти | Процент на испишани студенти |
|---|---|---|---|
| 2016 | 617 | 176 | 28,5% |
| 2017 | 695 | 156 | 22,4% |
| 2018 | 579 | 167 | 28,8% |
| 2019 | 489 | 138 | 28,2% |
| 2020 | 414 | 98 | 23,6% |
| Вкупно | 2794 | 735 | 26,3% |

Иако бројките на испишаните студенти се релативно високи, охрабрува нивниот надолен тренд во последната година, како што може да се види од графиконот 22.




Графикон 22. Тренд на испишување на студентите

Сепак, со оглед на речиси константното одржување на бројот на испишани студенти околу 25% од бројот на новозапишаните студенти, потребно е да се преземат дополнителни истражувања на причините поради кои студентите се испишуваат од Факултетот. Доколку се утврди дека некои од нив се поврзани со аспекти што зависат од функционирањето на институцијата, неопходно е да се преземат мерки за елиминирање на овие причини.

**6.4. Резиме и споредба со претходната самоевалуација**

Од изнесените податоци може да се забележи дека иако Филозофскиот факултет и понатаму е мошне атрактивен за студентите на сите три циклуси, и секоја година има

значаен број запишани, како и дипломирани, магистрирани и докторирани студенти, бројот на запишани и завршени студенти на Филозофскиот факултет бележи тенденција на намалување во периодот 2016 – 2021 година. Оваа констатација важи како во смисла на споредба на состојбата од 2016 со онаа од 2020 година, така и во глобална споредба со периодот на кој се однесува претходната евалуација. Имено, просечниот број студенти што се запишуваат и што ги завршуваат студиите на годишно ниво во периодот на кој се однесува оваа евалуација, е помал во однос на оној од претходната евалуација, како што е покажано во следите табели и графикони.

Табела 27. Споредба на просечниот број запишани студенти по циклус од оваа и од претходната самоевалуација

| Просечен годишен број запишани студенти | 2011 – 2015 | 2016 – 2020 |
|---|---|---|
| Прв циклус | 661* | 559 |
| Втор циклус | 182 | 79 |
| Трет циклус | 14 | 11 |

*Просекот е пресметан од податоците за периодот 2013 – 2015 година, кои се дадени во извештајот од претходната самоевалуација




Графикон 23. Соодност на просечниот годишен број запишани суденти во периодот 2011 –2015 и 2016 – 2020 година

Табела 28. Споредба на просечниот број завршени студенти по циклус од оваа и од претходната самоевалуација

| Просечен годишен број завршени студенти | 2011 – 2015 | 2016 – 2020 |
|---|---|---|
| Прв циклус | 513<br>(2013 – 2015) | 335 |
| Втор циклус | 161 | 87 |
| Трет циклус | 28 | 5 |

*Просекот е пресметан од податоците за периодот 2013 – 2015 година, кои се дадени во извештајот од претходната самоевалуација




Графикон 24. Сооднос на просечниот годишен број завршени суденти во периодот 2011 –2015 и 2016 – 2020 година

Што се однесува до поединечните циклуси на студии, може да се констатира дека на првиот циклус студии бројот на новозапишани студенти опаѓа од 2017 година (кога ја достигнува бројката од 695), до 2020 (414 студенти) а бројот на дипломирани, од 2018 (кога изнесува 380 студенти) до 2020 (312 студенти).

На вториот циклус студии бројот на запишани студенти поизразено варира низ текот на годините, со тоа што највисоко ниво достигнува во 2018 (102 студента) година, најниско во 2019 (55 студенти), а во 2020 бележи повторен пораст (76 студенти). Бројот на магистрирани студенти, пак, е во опаѓање од 2018 година (кога ја достигнува бројката од 115 студенти).

Што се однесува, пак, до студиите на третиот циклус, бројот на запишани докторанти незначително варира во текот на годините, но генерално опаѓа меѓу 2016 (13 студенти) и 2020 година, (10 студенти) додека бројот на докторирани студенти опаѓа од 2016 (8 студенти) до 2018 година (3 студенти), а потоа повторно расте до 2020 година (5 студенти).

Исто така, може да се констатира постоењето на значајни варијации во бројот на запишани студенти од една до друга студиска програма, особено на студиите од првиот циклус. Од 2018 година наваму, испишувањето на студентите од Факултетот е во надолна линија.

Имајќи ги предвид изнесените согледби во врска со студентите, нивното интересирање за запишувањето на Филозофскиот факултет, завршувањето на студиите и активното учество во функционирањето на Факултетот, се наметнува констатацијата дека е потребно:

- подетално да се анализираат причините за намалувањето на бројот на студентите што се запишуваат и што ги завршуваат студиите;
- доколку се констатира дека, освен објективните околности (зголемување на конкуренцијата во високообразовниот простор, намалување на бројот на средношколци и матуранти, итн.), дел од тие фактори се во делокругот на самата институција, да се преземат мерки за нивно отстранување;

> да се продолжат и да се интензивираат разните форми на промотивни активности за запознавање на што е можно пошироко круг потенцијални студенти со можностите и предностите на студирањето на Филозофскиот факултет.

## 6.5. Студентско организирање и активности

Според Статутот на Филозофскиот факултет (член 91), како едно од неговите тела се конституира Факултетското студентско собрание. Во него членуваат претставници од студентите на Факултетот, кои ги претставуваат нивните интереси, барања и предлози. Факултетското студентско собрание има свои органи и тела што ги утврдува со статут. Членовите и претседателот на студентското собрание се избираат на непосредни, фер и демократски избори со тајно гласање, со мандат од една година и со право на уште еден избор. Право да избираат и да бидат избрани за членови на Факултетското студентско собрание имаат сите студенти на Факултетот, кои се запишани на студии во учебната година/семестар во кој се избира претседателот и Факултетското студентско собрание.

Во рамки на Факултетското студентското собрание функционира заменик-студентскиот правобранител на Филозофки факултет кој ги застапува и брани правата на студентите. Според член 99 од Статутот на Факултетот, заменик-студентскиот правобранител се избира врз основа на објавен конкурс од редот на студентитет од Факултетот, со мандат од две години, без можност за реизбор. Заменик-студентскиот правобранител постапува по поднесок од страна на студент и по сопствена иницијтива, доколку увидел дека е прекршено право на студент од страна на органите на Факултетот или друг член од академската заедница на Факултетот. Органите на Факултетот, односно членот на академската заедница, се дожни да ги разгледаат укажувањата на заменик-студентскиот правобранител.

Во рамки на ФСС постојат комисии составени од студенти за образование и наука, култура, екологија, спорт и др. преку кои се реализира неговата програма. Студентското собрание во континуитет презема активности за покачување на студентскиот стандард, унапредување на правата на студентите, спроведување на квалитетна настава и стимулирање на студентскиот активизам.

Факултетското студентско собрание издава и студентско списание наречено „Внатрешен патник". Списанието започнало да се издава во далечната 1995 година во рамки на тогашниот Сојуз на студенти при Филозофскиот факултет во Скопје. Денес списанието „Внатрешен патник" се издава според современи стандарди, секогаш со актуелни теми и претставува глас на студентите.

Посебно значаен факт од поновата историја на ова списание е што тоа од бр. XXI и XXII во 2019 година тоа започна да се издава и со Брајово писмо, како и во специјален фонт за лица со дислексија (DyslexcFZF). Со тоа списанието одигра пионерска улога во доближувањето на содржините релевантни за студентскиот живот до студентите и до другите лица со попреченост, за кои е невозможно или мошне тешко да ги следат овие содржини во вообичаениот формат.

Од 2019 година студентите од Институтот за семејни студии го издаваат студентското списание „VOX".

Покрај основите дејности, Факултетското студентско собрание извршува и голем број други активности. Собранието организира студентски конферецнии, научни трибини, дебати и други настани во соработка со студентските организации на Филозофски факултет: Клуб на млади историчари на Македонија, Аксиос-студентско

археолошко здружение, Спортско-студентско здружение на Филозофски факултет „НИКЕТЕС“ – Скопје, ПСИХЕСКО – Здружение на студенти по психологија, АССР – Асоцијација на студенти по социјална работа и Здружение на студенти по специјална едукација и рехабилитација „Специјални студенти.“ Студентите на Филозофскиот факултет земаат активно учество и на голем број регионални студентски конгреси.

Преку Факултетското студентско собрание, студентите на Филозофскиот факултет во Скопје се вклучени во сите дејности на Факултетот. Тие, преку своите претставници и во согласност со одредбите од релевантните законски и подзаконски акти, учествуваат во работата на Деканатската управа, во Наставно-научниот совет, Дисциплинската комисија и Комисијата за самоевалуација.

Студентите се вклучени во организација и реализација на промотивни активности на Факултетот, како што е, на пример, организацијата на Отворениот ден на Факултетот, како и во промотивни активности на студиските програми на Филозофскиот факултет низ средните школи. Исто така, студентите се вклучени во сите манифестации што се организирани на ниво на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Факултетот води особена грижа за поддршката на студентските учества на домашните и меѓународни студентски конференции, работилници, семинари, летни школи, кампови, симпозуми, квизови, спортски натпревари итн. На научните и други типови студентски манифестации на кои учествуваат, студентите на Филозофски факултет редовно се закитуваат со значајни признанија од домашни и од меѓународни организации.

Покрај тоа, студентите во рамките на своите Институти учествуваат како поддршка при организирање на меѓународни научни конференции, симпозиуми, семинари и предавања од реномирани светски професори. Истовремено, сите институти на Факултетот прават напори да ги вклучат студентите од првиот, вториот и третиот циклус на студии во научни истражувања и да им обезбедат можност за имплементација на усвоените теориски знаења.

Во текот на своето студирање на Факултетот, преку Факултетското студентско собрание, студентите на Филозофскиот факултет во Скопје се активно инволвирани во клучните аспекти на дејноста на Факултетот, вклучително и во Наставно-научниот совет и во други негови тела и органи, во чии рамки придонесуваат кон обликувањето на насоките на натамошниот развој на институцијата и подорување на квалитетот на нејзината дејност. Задолжителната анкета за студентска евалуација исто така е важна алатка на унапредување на квалитетот на наставната дејност на Факултетот.

Од изнесените податоци поврзани со студентското самоорганизирање и актвности може да се заклучи може да се заклучи следново:

- Студентите имаат можност, преку различни форми на студентско самоорганизирање, да организираат, спроведуваат и да учествуваат во научно-истражувачки, промотивни, културни, спортски и други видови настани и активности, а во тоа имаат континуирана поддршка од страна на Факултетот.
- Вклучувањето на студентите во сите аспекти на дејноста на Факултетот и поддршката на нивните научноистражувачки, културни, спортски и други активности треба и понатаму да продолжи и доколку е потребно, да се интензивира, со цел да им се овозможи на студентите постигнување на што е можно поквалитетни разултати во сите полиња на нивното дејствување.

## 7. ПРОСТОРНИ И МАТЕРИЈАЛНО-ТЕХНИЧКИ РЕСУРСИ И ЛОГИСТИКА

Според Картата на високообразовната установа, вкупната површина за изведување на настава (бруто простор) е 14.703 $m^2$. Факултетот располага со 3 амфитеатри, 26 предавални, 89 кабинети, 12 библиотеки и 11 читални, и води континуирана грижа за одржување, осовременување и дополнително техничко опремување на просториите во кои се изведува наставата. Сите кабинети, библиотеки и други служби се поврзани со интернет приклучок, поврзани се во интерна и универзитетска мрежа, како и со неопходните персонални компјутери, печатари и друг вид на потребна опрема. Инсталирана е и соодветна опрема во четири дидактички лаборатории за изведување на вежби. Единаесетте библиотеки со кои располагаат Институтите на Филозофскиот факултет се опремени со богат фонд на домашна и странска литература.

### 7.1. Просторни услови

Во поглед на просторните услови по институти, состојбата, според извештаите од поткомисиите, е следна:

- Институтот за безбедност, одбрана и мир располага со пет предавални, од кои четири се соодветни за изведување на наставно-образовниот процес.
- Институтот за филозофија располага со библиотеката, која има и читална во која во попладневните часови се одржува и настава; наставата се одржува и во предавална 8 и во Естетичката лабораторија кои се целосно на раполагање на Институтот.
- Институтот за историја на уметност и археологија располага со доволно голема библиотека. Големината и бројот на просториите за настава е соодветна, но немаат соодветна техничка опременост; дел од наставниците немаат сопствен работен кабинет, односно го делат кабинетот со друг наставник.
- Наставниците од Институтот за историја располагаат со две предавални и една библиотека, доволно големи за бројот на студентите што посетуваат настава.
- Наставниците од Институтот за класични студии ја изведуваат наставата во една предавална и во библиотеката. Овие простории им се доволни за изведување на наставно-образовниот процес со оглед на малиот број запишани студенти.
- Инстититутот за педагогија располага со две предавални и со една библиотека.
- Наставниците од Институтот за психологија ја изведуваат наставата во Електронската училница, Психолошката лабораторија и во Библиотеката за психологија.
- Институот за родови студии располага со две предавални и со една библиотека.
- Наставниците од Институтот за семејни студии немаат своја просторија, ја користат само нивната библиотеката; за овој институт немањето на просторија претставува сериозен предизвик со кој се соочуваат во текот на работата.
- Институтот за социјална работа и социјална политика располага во моментов со три простории за предавање (предавалните број 1, број 2 и број 3).
- Наставниците од Институтот за социологија наставата ја спроведуваат во две предавални и во нивната библиотека.
- Институтот за Специјална едукација и рехабилитација ја користи слушална број 11, која обезбедува помал број места од бројот на студенти. За некои предмети, се користат слушални на Институтот за безбедност, одбрана и мир.

Од изнесените податоци и од информациите за бројот на студентите може да се заклучи дека со просторни проблеми во поглед на предавалните се соочуваат првенствено институтите што имаат поголем број студенти (Институтот за психологија, Институтот за специјална едукација и рехабилитација и Институтот за семејни студии). Институтот за историја на уметноста и археологија, пак, посочува на проблеми во поглед на техничката опременост на просториите и на недоволноста на кабинетите за професорите.

### 7.2. Техничка опременост

Во поглед на техничката опременост по институти, состојбава, според извештаите од поткомисиите, е следна:

- Институтот за безбедност располага со: компјутери, LCD проектори и графоскопи, електронска табла.
- Институтот за филозофија располага со 7 компјутери со печатари, 1 лаптоп, 1 LCD проектор и 1 електронска табла, 1 ТВ со видео-рекордер, 1 музички систем.
- Институтот за уметност со археологија поседува еден лап топ компјутер и еден LCD проектор.
- Институтот за историја располага со 6 компјутери, 3 LCD проектори, 1 електронска табла.
- Институтот за класични студии располага го 6 компјутери и 6 печатари, еден LCD проектор и електронска табла. Компјутерите се опишани како застарени, а два од печатарите се во лоша состојба.
- Институтот за педагогија располага со 3 LCD проектори, 1 електронска табла,10 компјутери, 2 лаптопа.
- Институтот за психологија располага со: 1 институтски преносен комјутер, 40 преносни компјутери од донацијата на господинот Теохаров (од кои 38 за студенти, а 2 за професори), 2 LCD проектори, 1 електронска табла и 2 eye trackery (од донацијата на г-ин Теохаров).
- Институтот за родови студии располага со 3 компјутери, 1. LCD проектори, 1 електронска табла, 2 за пишување.
- Институтот за семејни студии располага со 9 компјутери, 3 принтери, 1 лаптоп, 1 проектор, 1 телевизор и 1 бело платно.
- Институтот за социјална работа и социјална политика во однос на техничката опрема располага со вкупно 9 компјутери и 1 LCD проектор.
- Институтот за социологија располага со 9 компјутери, 2 LCD проектора, 1 електронска табла.
- Институтот за специјална едукација и рехабилитација на располагање има 3 проектори, 2 персонални компјутери, 2 лаптоп компјутери, 2 печатари во боја, 3D печатар, Брајов печатар и една електронска табла.

Што се однесува до интернет-приклучоците за студентите, тие се опишани како сосема функционални на два института – Педагогија и Семејни студии. На четири институти (Историја, Класични студии, Безбедност, одбрана и мир и Родови студии) тие се само делумно функционални, додека на други четири институти (Филозофија, Историја на уметноста и археологија, Социологија и Социјална работа и социјална политика) тие воопшто не се функционални.

На два института констатирана е промена на состојбата во поглед на функционалноста на интернет-приклучоците за студентите во пеиодот кој се евалуира. Така, на Институтот за психологија, од учебната 2016/17 до 2018/19 година интернет-приклучоците за студентите биле нефункционални, но од учебната 2019/20 до учебната 2020/21 година, тие се сосема функционални. На Институтот за специјална едукација и рехабилитација од учебната 2016/17 до 2018/19 година тие биле делумно функционални, а од учебната 2019/20 до 2020/21 година се сосема функционални.

Од наведените податоци може да се заклучи дека Филозофскиот факултет има релативно добри техничко-информатички услови за работа во стандардни услови. Сепак, како што покажа анкетирањето на наставниците, во новите услови и преминот на голем дел од наставата онлајн, постојната опрема не ги задоволува потребите и мора да се обезбеди нова и современа опрема за сите наставници, со цел успешно одвивање на овој тип настава. Исто така, потребно е да се зголеми функционалноста на интернет-приклучоците за студентите таму каде што тие се целосно или делумно нефункционални.

### 7.3. Логистика

Логистичката поддршка на многубројните аспекти од функционирањето на Факултетот се обезбедува преку неговата стручно-административна служба, која е организирана во повеќе одделенија (видете оддел 1.2.1.1 и Прилог 1), како и помошно-техничкиот персонал.

Од аспект на студентите, особено е значајна дејноста на Одделението за студентски прашања, како и дејноста на библиотекарите, кои, во најголем број случаи, ја вршат и функцијата на координатори за ЕКТС. Како еден од логистичките елементи од особена важност за успешното одвивање на наставно-научната дејност, како од аспект на наставниците, така и од аспект на студентите, е работата на институтските библиотеки, преку кои се одвива и анкетирањето и набавката на новата литература.

Во сегментот посветен на логистиката, дел од прашањата во рамки на процесот на самоевалуацијата се однесуваа на редовноста на анкетирањето на наставниците и на студентите за набавка на литература, како и за нивната информираност за пристигнатата литература во библиотеките на институтите.

Според извештаите од поткомисиите, анкетирањето на наставниците за набавка на литература се одвива најмалку еднаш годишно на најголем дел (осум) од институтите на Филозофскиот факултет: Филозофија, Педагогија, Историја, Психологија, Социологија, Безбедност, Социјална работа и социјална политика и Семејни студии. На три институти – Историја на уметност и археологија, Класични студии и Специјална едукација и рехабилитација – овој вид анкетирање се одвива ретко, додека на Институтот за родови студии наставниците воопшто не се анкетирани за набавка на нова литература.

Во поглед на прашањето за анкетирање на студентите за набавка на литература, според извештаите од поткомисиите, на четири институти тие се анкетирани најмалку еднаш годишно (Филозофија, Педагогија, Историја и Социологија); на Институтот за социјална работа и социјална политика тие се анкетирани најмалку на две-три години, додека на останатите институти воопшто не се анкетирани.

Што се однесува до информираноста на наставниците за пристигнувањето на новата литература (книги, списанија, итн.) во библиотеките на институтите, тие се информираат најмалку еднаш годишно речиси на сите институти на Факултетот, со исклучок на институтите за Историја на уметноста и Родови студии, каде фреквенцијата на информираноста за овој аспект е оценета како „ретка“.

Нешто помал степен на информираност за новите книги и списанија пристигнати во библиотеките се забележува кај студентите (во споредба со информираноста ан професорите). Така, тие се информираат најмалку еднаш годишно на седум од инситутите на Факултетот (Филозофија, Педагогија, Историја, Психологија, Социологија, Специјална едукација и рехабилитација, Семејни студии). На Институтот за социјална работа и социјална политика тие се информираат најмалку на две-три години, додека на институтите за Безбедност, одбрана и мир, Историја на уметност и археологија, Родови студии и Класични студии целосно отсуствува систематското информирање за пристигнатата литература во библиотеката на нивниот институт.

### 7.4. Резиме и препораки

Од податоците во поглед на просторната, материјално-техничката и логистичката опременост на Факултетот може да се заклучи дека иако, во глобална смисла, Факултетот има солидни материјално-техннички услови и логистички ресурси, на некои елементи од овој сегмент е неопходно натамошно унапредување. Во оваа смисла, од извештаите на поткомисите произлегуваат следниве заклучоци:

- потребно е да се изнајде решените за проблемите со предавалните на институтите што имаат голем број студенти и се соочуваат со проблеми во одржување на наставата поради недостиг на простор;
- дотраената опрема во кабинетите и училниците треба постепено да се заменува со нова и да се направат напори да се зголеми бројот на кабинетските простории за професорите;
- потребно е на сите наставници да им се обезбеди нова и современа техничка опрема за успешно одвивање на наставата од далечина;
- треба да се обезбеди функционалност на интернет-приклучоците за студентите;
- потребно е да се зголеми анкетирањето и информирањето на наставниците и на студентите за потребата од набавка на литература и за пристигнатите книги и списанија во библиотеките, особено на институтите каде овој процес се одвива нередовно или ретко.

## 8. НАДВОРЕШНА СОРАБОТКА

Во периодот на кој се однесува самоевалуацијата, Факултетот има остварено интензивна и разновидна соработка со голем број институции надвор од Универзитетот, во полињата на студентската практика, наставата, истражувачките и другите видови активности. Според извештаите од поткомисиите, вкупниот број активности на соработка со институции надвор од универзитетот во периодот од 2016/17 до 2020/21 година изнесува 544, од кои најголем дел отпаѓа на студенската практика (295), по што следуваат активности на соработка поврзани со наставата (137), истражувањата (85) и други активности (27).

Доминантноста на активностите поврзани со студентската практика се потврдува и низ дескриптивните и евалуативните коментари на ова прашање, во кои се посочува високиот квалитет, конструктивноста и професионалноста на соработката со училиштата и другите воспитно-образовни установи, како и со другите институции (Државниот архив, локалните општини, итн.) во кои се реализира студентската практика. Коректноста и професионалноста на соработката се констатира и во поглед на институциите во кои се остваруваат и другите видови активности од овој сегмент – наставата (особено вежбите, на институтите на кои има потреба за тоа), истражувањата и другите видови соработка.

Во следната табела се прикажани сумираните податоци околу видовите соработка со институциите надвор од Универзитетот реализирани преку институтите на Факултетот:

Табела 29. Реализирана надворешна соработка во периодот 2016/17 – 2020/21

| | 2016/17 | 2017/18 | 2018/19 | 2019/20 | 2020/21 | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Студентска практика | 65 | 62 | 62 | 60 | 46 | 295 |
| Настава | 27 | 34 | 36 | 28 | 12 | 137 |
| Истражување | 25 | 27 | 22 | 7 | 4 | 85 |
| Друго | 2 | 6 | 13 | 5 | 1 | 27 |
| Вкупно | 119 | 129 | 133 | 100 | 63 | 544 |

Сепак, наспроти интензивната соработка со институциите надвор од Универзитетот на најголемиот број институти на Факултетот, таа, според извештаите од поткомисиите, не зазема значајно место во дејноста на институтите за Социологија, Родови студии и Историја на уметноста и археологија. Во коментарот на институтот за Историја на уметноста и археологија, се укажува дека на овој институт отсуствува систематска институционална соработка од овој вид, односно дека таа главно се реализира како индивидуална соработка или како ретко поединечно гостување со предавање.

Во таа смисла, препорачливо е да се стимулира интензивирањето на овој вид соработка на институтите, односно на студиските програми каде таа е посочена како недоволно застапена.

## 9. МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

Меѓународната соработка претставува исклучително значаен сегмент на дејноста на Филозофскиот факултет, преку кој се овозможува негово вклучување во светските научноистражувачки трендови, воведување на новите сознанија и современите наставни и научноистражувачки методи во работата на Факултетот, но и афирмација на резултатите од работата на неговите наставници, соработници и студенти на меѓународен план и проширување на мрежата на професионални контакти и соработници.

### 9.1. Мобилност на наставници и на студенти

Еден од најзначајните облици на меѓународната соработка е меѓународната мобилност на наставниците и соработниците на Филозофскиот факултет, која се одвива преку меѓународни програми за мобилност и поддршка на меѓународната размена на наставници и студенти (ЕРАЗМУС+, ЦЕЕПУС, DAAD, итн.), преку билатерални универзитетски договори, како и преку финансиска поддршка од Филозофскиот факултет. Мобилноста вклучува студиски престој на странски универзитети, учество во меѓународни научни настани (конференции, летни школи, конгреси и сл.), како и престои поврзани со научно-истражувачка работа.

*ЕРАЗМУС+*

Мобилноста на наставниците и студентите преку програмата Еразмус+ е од исклучително значење за интернационализација на наставата и научните дејности на Факултетот. Во моментот на пишувањето на овој извештај, Филозофскиот факултет има вкупно 101 активен Еразмус договор со 75 универзитети од 21 земја, прикажани во Табела 26.

Табела 30. Активни ЕРАЗМУС договори на Филозофскиот факултет

| | Земја | Активни Еразмус договори | Универзитети |
|---|---|---|---|
| 1 | Австрија | 1 | 1 |
| 2 | Белгија | 1 | 1 |
| 3 | Бугарија | 5 | 3 |
| 4 | Хрватска | 7 | 4 |
| 5 | Чешка | 4 | 4 |
| 6 | Естонија | 3 | 1 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 7 | Франција | 5 | 2 |
| 8 | Германија | 9 | 9 |
| 9 | Грција | 3 | 2 |
| 10 | Унгарија | 2 | 1 |
| 11 | Италија | 8 | 7 |
| 12 | Норвешка | 1 | 1 |
| 13 | Полска | 16 | 12 |
| 14 | Португалија | 5 | 4 |
| 15 | Романија | 3 | 3 |
| 16 | Србија | 1 | 1 |
| 17 | Словачка | 1 | 1 |
| 18 | Словенија | 8 | 3 |
| 19 | Шпанија | 6 | 5 |
| 20 | Холандија | 2 | 2 |
| 21 | Турција | 10 | 8 |
| | Вкупно | 101 | 75 |

Појдовните и дојдовните мобилности на наставниците и студентите преку програмата Еразмус+ секоја година се зголемуваат, иако вонредната состојба во светски рамки предизвикана од пандемијата, од март 2020 година до моментот на пишување на овој извештај го оневозможи продолжувањето на овој тренд во последната година. За одбележување е порастот на Еразмус+ дојдовни мобилности на Филозофскиот факултет, како од страна на професори од странство, така и од студенти кои студираат во странство, а кои се одлучуваат еден семестар од своето студирање да го поминат на Филозофскиот факултет.

*ЦЕЕПУС*

Мобилноста и соработката на наставниците и студентите на сите три циклуси на студирање е овозможена и преку учеството во мултилатералната програма за универзитетска размена во Централна Европа – ЦЕЕПУС (CEEPUS – Central European Exchange Program for University Studies).
Во рамки на ЦЕЕПУС програмата, Филозофскиот факултет членува во шест мрежи, и тоа:

- *Археопед* (CIII-SI-0113-13-1920 ARHEOPED) при Институтот за историја на уметност и археологија
- *Заедничка историја на Централна Европа* (CIII-SK-1315-03-2021 Shared History of Central Europe) при Институтот за историја
- *Педагогија и андрагогија во Централна Европа* (CIII-SI-0906-05-1920 Pedagogy and Andragogy in Central Europe – PACE) при Институтот за педагогија
- *Филозофија и интердисциплинарност* (CIII-HR-1107-04-1920 Philosophy and Interdisciplinarity) при Институтот за филозофија
- *Биоетика* (CIII-AT-0502-11-2021 Bioethics) при Институтот за филозофија и
- *Централно европска мрежа за социјална работа и социјална политика* (CIII-MK-1409-01-1920 Central European Social Policy and Social Work Network – CESPASWON) при Институтот за социјална работа и социјална политика. За одбележување е дека Филозофскиот факултет е координатор на ЦЕСПАСВОН мрежата, односно единствена високо образовна институција од државата која има улога на координатор во рамки на ЦЕЕПУС академската програма.

Во продолжение на Извештајот се прикажани збирните податоци за мобилноста на наставниците и на студентите, остварена по сите основи – ЕРАЗМУС и ЦЕЕПУС мобилностите, учествата на меѓународни настани, учества во меѓународни проектни активности, предавања по покана (за наставниците) итн.

Табела 31. Мобилност на наставници (по сите основи) во периодот 2016/17-2019/20

| | Дојдовна мобилност наставници | Појдовна мобилност наставници | Вкупно |
|---|---|---|---|
| 2016/17 | 8 | 8 | 16 |
| 2017/18 | 43 | 12 | 55 |
| 2018/19 | 146 | 150 | 296 |
| 2019/20 | 187 | 107 | 294 |
| Вкупно | 384 | 277 | 661 |

Како што може да се види од табелата, во периодот од учебната 2016/17 до учебната 2020/21 година, остварени се вкупно 661 мобилност на наставници, од кои 384 (58,09%) дојдовна и 277 (41,91%) појдовна мобилност, како што е нагледно прикажано на графиконот 25.




Графикон 25. Соодност на појдовни и дојдовни мобилности на наставниците

Како што може да се забележи од податоците, вкупната мобилност на наставниците бележи импресивен позитивен скок меѓу 2017/18 и 2018/19 година, со генерален континуитет меѓу 2018/19 и 2019/20 година, и покрај неповолните околности на пандемијата Ковид 19, на која највеојатно може да се припише дел од падот на појдовните мобилности во учебната 2019/20 година. Тој тренд е нагледно прикажан на следниот графикон:




Графикон 26. Тренд на дојдовна и појдовна мобилност на наставници

Што се однесува до мобилноста на студентите, во периодот меѓу 2016/17 и 2019/20 година се остварени вкупно 317 мобилности на студенти, од кои 149 (38,70%) се дојдовни, а 236 (61,30%) – појдовни мобилности.